Влада на Република Северна Македонија

З А П И С Н И К
од Двесте и третата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 28 ноември 2023 година

Скопје, ноември 2023 година

**З А П И С Н И К**
**од Двесте и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 ноември 2023 година**

Седницата започна во 12:50 часот.

На седницата претседаваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, како и м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања.

На седницата присуствуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата Славјанка Петровска, министер за одбрана, м-р Кренар Лога, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа м-р Назим Буши, заменик на министерот за внатрешни работи, Викторија Аврамовска-Мадиќ, заменик на министерот за правда, проф. д-р Маја Манолева, заменик на министерот за здравство, м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика и Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски, м-р Размена Чекиќ-Дуровиќ, државен секретар во Министерството за економија и д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии.

На седницата присуствуваа и м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, Љупчо Николовски, министер за земјоделство,

шумарство и водостопанство, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство и Благој Бочварски, министер за транспорт и врски.

*

*           *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

**-Усвојување на Записникот од 196-та седница на Владата, одржана на 31 октомври 2023 година**

**-Усвојување на Записникот од 200-та седница на Владата, одржана на 17 ноември 2023 година**

Пред преминување на Дневен ред:

- Информација за одржаниот министерски состанок за Планот за раст за земјите од Западен Балкан и дополнување на формираната структура за имплементација на истиот

- Информација за одржан билатерален скрининг за Поглавје 10-Информатичко општество и медиуми од Кластер 3-Конкурентност и инклузивен раст, со прилози

- Информација за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Кластер 6 Надворешни односи, Поглавје 30 Надворешни односи, кој ќе се одржи на 6 декември 2023 година, со прилози

- Информација за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Кластер 6 Надворешни односи, Поглавје 31 Надворешна безбедносна и одбранбена политика , кој ќе се одржи на 7 декември 2023 година, со прилози

- Информација за степенот на реализација на препораките и преземените активности за зачувување на статусот УНЕСКО-Светско наследство на природното и културното наследство во Охридскиот Регион

- Информација за степенот на реализација на мерките од Планот за борба против корупција

-Информација за потребата од измени и дополнувања на Законот за рестриктивни мерки

1. Акциски план на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија за спроведување на дадените препораки во Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година

2. Извештај за работењето на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија, за период од 1.1.2023 година до 30.6.2023 година

3. Барање за доделување на простор за потребите на Анима, Центар за личен развој, едукација и психотерапија

4. Предлог-програма за изменување на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2023 година

5. Информација за објавување на Јавен повик за пренесување на правото на градење на објект за потребите на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје, со Предлог-одлука

6. Информација со предлог за донесување на одлука за продажба на деловни простории сопственост на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми"-Скопје, со дополнување и Предлог-одлука

7. Предлог-програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2023 година

8. Информација за задолжување на Општина Шуто Оризари кај Комерцијална банка АД Скопје, со Предлог-одлука

9. Информација во врска со Барањето на концесионерот Глобал енерџи ДОО Скопје, за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на малата хидроелектрична централа, МХЕЦ Рибничка со реф.бр. 7, со текст на Анекс бр.5 на Договорот

10. Информација за повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности на проектот „Замена на стари куќни водомери со нови хоризонтални повеќемлазни водомери со (Clip ON) радио модул, како и замена на старите хоризонтални водомери со нови хоризонтални ултразвучни водомери и нивна интеграција во системот за далечинско отчитување на ЈП „Комуна", Крушево-со негова надоградба и набавка на дополнителна опрема за далечинско отчитување Градба од II категорија, Општина Крушево"

11. Информација за повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности за реализација на проектот „Изградба на колекторски систем од Радожда до Калишта“, Општина Струга

12. Информација за повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности на проектот „Регулација на речно корито на Сува Река во атарот на Општина Сарај”

13. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба-за изградба на пристапен пат од регионален пат Р2336 Стари Град (врска со Р1312-Богомила-Ропотово (врска со Р1303) КО Согле, Општина Чашка, со Предлог-одлука

14. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за државен пат-Р2133, делница с.Ропалце-с.Матејче, делница 1 од 0+000,08 км до 0+945,72 км, КО Ропалце, Општина Липково, со Предлог-одлука

15. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Горна Матка и Долна Матка за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација и Е-инфраструктура КО Матка, КО Матка-вон град, Општина Сарај, со Предлог-одлука

16. Информација за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Дафинка Димитриева, ул. „Орце Николов“ бр.12, Демир Капија, со Предлог-одлука

17. Информација за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Друштвото за производство на вино Винарија Крњево ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.„1558“ бр.18-А/Радишани, Бутел, Скопје, со Предлог-одлука

18. Информација во врска со потпишување Договор за реализација на проект „Зајакнување на капацитетите и развој на стратешки рамки за градење ниско јаглеродно и општество отпорно на климатски промени во Република Северна Македонија“, финансиран од Зелениот климатски фонд, со текст на Договор

19. Информација за статус на Договорот за доделување на државна помош бр.12-68/13 од 31.7.2015 година склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и компанијата Кранфилд Фаундри ДООЕЛ Скопје, Анекс бр.1 кон Договорот со арх.бр.13-8462/1 од 5.9.2018 година, Анекс бр.2 кон Договорот со арх.бр.13-6307/1 од 23.6.2020 година и Анекс бр.3 кон Договорот со арх.бр.09-11437/1 од 15.10.2021 година

20. Извештај за извршени преговори за кофинансирање на изработка на проект за изградба на тунел на патот Тетово-Призрен помеѓу Владата на Република Северна Македонија-Министерство за транспорт и врски и Владата на Република Косово-Министерство за животна средина, просторно планирање и инфраструктура, со усогласен текст на Договор

21. Информација за меѓународни стандарди и компаративен преглед за платите на судиите и јавните обвинители

22. Информација со предлог за донесување уредба за изменување и дополнување на Уредбата за канцелариско и архивско работење, со Предлог-уредба

23. Предлог-одлука за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024-2028 година

24. Предлог-уредба за Методологија за утврдување на критериуми за распределба на наменски дотации за основното образование по општини за 2024 година

25. Предлог-уредба за Методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок-дотации за основното образование по општини за 2024 година

26. Предлог програма за изменување на Програмата за заштита на населението од ХИВ-инфекција во Република Северна Македонија за 2023 година

27. Предлог-програма за изменување на Програмата за едукација на лекари и медицински персонал, за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени, како и за спроведување на обуки за вршење преглед на умрени лица за 2023 година

28. Предлог-програма за изменување на Програмата за трансплантација во Република Северна Македонија за 2023 година

29. Предлог-програма за изменување на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата во Република Северна Македонија за 2023 година

30. Предлог-програма за изменување на Програмата за обезбедување на инсулин, глукагон, инсулински игли и ленти за мерење шеќер, инсулински пумпи со потрошен материјал и сензори за континуирано мерење на гликемија за 2023 година

31. Предлог-програма за изменување на Програмата за задолжително здравствено осигурување на државјаните на Република Северна Македонија кои не се задолжително здравствено осигурени за 2023 година

32. Правилник за поблиските услови по однос на просторот, опремата, кадарот, начинот на обезбедување и чување на просторот на кој се одгледува канабисот, со Предлог-одлука

33. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за бројот на студенти за запишување во прва година-прв циклус на студии на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“-Битола, Универзитетот во Тетово, Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, во учебната 2023/2024 година

34. Годишен извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија за 2022 година

35. Иницијатива од Здружението „Помалку пластика“ од Скопје, доставена до Уставниот суд под бр. У.бр.86/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 2 став (1) точка 1) од Правилникот за стандардите за биоразградливост кои треба да ги исполнуваат кесите за носење на стоки, начинот на пуштање на пазар на биоразградливи кеси од страна на трговци, како и формата и содржината на образецот за водење на евиденција („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.265/21) и член 1 од Правилникот за изменување на Правилникот за стандардите за биоразградливост кои треба да ги исполнуваат кесите за носење на стоки, начинот на пуштање на пазар на биоразградливи кеси од страна на трговци, како и формата и содржината на образецот за водење на евиденција („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.112/23)

36. Иницијатива од Финмак ДОО Скопје од Скопје преку полномошник Адвокатско друштво Дебарлиев, Дамески и Ќелешоска од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.179/2023 за оценување на уставноста на Законот за данок за солидарност (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.199/23)

37. Иницијатива од адвокат Игор Спировски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.183/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за данок на солидарност (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.199/23)

38. Иницијатива од Трајче Китановски и Влатко Китановски, адвокати од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.109/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 4-а став (6) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/21, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/24, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18

и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22 и 111/23)

39. Понуда од нотар Хакија Чоловиќ од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.7008, за КО Драчево 2, на КП бр.2562, викано место/улица „Локва“

40. Понуда од нотар Јасмина Радончиќ од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.4922 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.2628, викано место/улица „Т.Китанчев“

41. Понуда од нотар Николина Јакимоска од Битола за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.13837, за КО Битола 1/2, на КП бр.17932/4, викано место/улица „Стрчин“

42. Понуда од нотар Катерина Митревска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.686, за КО Петровец, на КП бр.583/2 викано место/улица „Монопол“

43. Кадровски прашања

44. Прашања и предлози

45. Информација за реализираниот проект за користење услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за лето 2023 година

46. Извештајот за реализирани активности за 2022 година од Националната стратегија за развој на концептот едно општество за сите и интеркултурализам

47. Извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта за периодот јануари-март 2023 година

48. Тримесечен извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче-Велес за периодот јули-септември 2023 година

49. Тримесечен извештај за работењето на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје за периодот јануари-март 2023 година

50. Информација за одземање на одобрението за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија, транспорт и услуги Ф&М 2017 ДОО експорт-импорт, с. Врапчиште, Гостивар, со Предлог-одлука

51. Информација за склучување на билатералниот договор помеѓу Европската Унија и Владата на Република Северна Македонија за кофинансирање на големиот

инвестициски проект за отпадни води во агломерацијата на Тетово, со текст на Билатерални договор

52. Предлог-одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија во Меѓународниот центар за донации во рамките на стратегиската група за поддршка на Украина во Визбаден, Сојузна Република Германија

53. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 7 ноември 2023 година до 13 ноември 2023 година

54. Информација за економски мерки за справување со продолжените ефекти од енергетската и ценовната криза (ноември 2023 година)

55. Информација во врска со усвојување/одобрување на Заедничка декларација (Joint Declaration) за целите на Инвестициската платформа за праведна транзиција на Северна Македонија за потпишување во рамките на COP28, со Заедничка декларација

56. Информација за потпишување на Меморандум за меѓународна развојна соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Словенија за периодот 2023-2024 година, со усогласен текст на Меморандум (врска со архивски бр.41-11685/1)

57. Информација за потпишување на Спогодба за финансирање за Програмата за соработка „(ИНТЕРЕГ 6-А) ИПА Северна Македонија-Грција“, со усогласен текст на Спогодба

58. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 9 ноември 2023 година до 15 ноември 2023 година

59. Информација за имплементација на мерката за помош во рамките на Европскиот мировен фонд-ЕМФ, во поддршка на градењето на капацитетите на Армијата на Република Северна Македонија, со усогласен текст на Меморандум за

разбирање помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и ИТФ организација за унапредување на човековата безбедност Република Словенија

60. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Здружението на самостојни уметници со инвалидитет Иднина на традицијата-Ресен

61. Информација за пренесување на правото на реконструкција, доградба и надградба на објектот Универзална сала во Скопје

62. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Град Скопје

63. Информација за потребата од итно надминување на констатираните слабости од Банката за развој на Советот на Европа во КПД Идризово, со цел продолжување на проектот „Реконструкција на казнено-поправните установи во Република Северна Македонија", со Акциски план

64. Предлог-програма за изменување и дополнување на програмата за потребите од специјалистички и супспецијалистички кадри согласно со мрежата на здравствени установи (2023-2026)

65. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Здружението на независни уметници Драмско студио Тетово-Тетово

66. Информација за потреба од вработувања во Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, со Предлог-одлука

67. Предлог-одлука за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2024 година (*)

68. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Македонската академија за науките и уметностите, по скратена постапка

69. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2023 година

70. Информација во врска со активностите за доделување на договор за воспоставувањето на јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во Република Северна Македонија, со предлог-текст на писмо со барање за продолжување на Договорот за контрибуција, предлог-измена на Решението за формирање на Комисија и Предлог-одлука за продолжување на рокот

во постапката за доделување на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство

*

*    *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од 196-та седница на Владата, одржана на 31 октомври 2023 година и Записникот од 200-та седница на Владата, одржана на 17 ноември 2023 година.

*

*    *

- Информација за одржан министерски состанок за Планот за раст за земјите од Западен Балкан и дополнување на формираната структура за имплементација на истиот

Владата ја разгледа Информацијата за одржаниот министерски состанок за Планот за раст за земјите од Западен Балкан и дополнување на формираната структура за имплементација на истиот и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во соработка со Секретаријатот за законодавство, во координација со Секретаријатот за европски прашања и Министерството за финансии да подготви акт за формирање на структурата за имплементација на Планот за раст, составена од следните членови:

- заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања и министерот за финансии-копретседавачи
- државниот секретар во Секретаријатот за европски прашања-координатор

Членови на групата:

- заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции,
- министерот за внатрешни работи,
- министерот за правда,
- министерот за економија,
- министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство,
- министерот за животна средина и просторно планирање,
- министерот за транспорт и врски,
- министерот за труд и социјална политика,
- министерот за образование и наука,
- министерот за информатичко општество и администрација,
- гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија,
- директорот на Царинската управа,

- директорот на Управата за јавни приходи,
- директорот на Државниот завод за статистика и
- претставник од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

2. Се задолжуваат институциите кои не постапиле по Заклучокот од Сто деведесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14.11.2023 година, како и Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија, директорот на Управата за јавни приходи, директорот на Државниот завод за статистика до Секретаријатот за европски прашања да достават номинација на член/членови во структурата за имплементација на Планот за раст на експертско ниво, најдоцна до 24.11.2023 година.

3. Се задолжува Секторот за односи со јавноста при Владата на Република Северна Македонија, во соработка со Секретаријатот за европски прашања и Министерството за финансии да подготви комуникациски план за Планот за раст и да го достави до Владата најдоцна до 7.12.2023 година.

- Информација за одржан билатерален скрининг за Поглавје 10-Информатичко општество и медиуми од Кластер 3-Конкурентност и инклузивен раст, со прилози

Владата ја разгледа Информацијата за одржан билатерален скрининг за Поглавје 10-Информатичко општество и медиуми од Кластер 3-Конкурентност и инклузивен раст, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, во соработка со другите надлежни институции да ги достави одговорите на дополнителните прашања на македонски и англиски јазик до Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 18 декември 2023 година, и тоа:

• Од областа управување со интернет: Дали и ако да, какви мерки имаме за сајбер безбедност, во однос на Македонската академска истражувачка мрежа (Марнет)?

• Од областа на услуги на информатичко општество: Во однос на платформите од аспект на имплементација на Акт дигитални услуги и Акт дигитални пазари, кои се типот на услуги кои се активни во земјата во моментот, односно навлегување, ширење на интернет-услугите, употреба на услугите, дали има посебни услуги кои се особено активни на територијата за кои има информации? Дали има некои посебни форми на нелегална содржина кои особено се појавуваат кај вас, каде мислите дека легислатива како Актот за дигитални услуги би бил особено корисен?

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да ги достави одговорите на сите дополнителни прашања на англиски јазик, до Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 18 декември 2023 година.

3. Се укажува на Агенцијата за електронски комуникации, во координација со Министерството за информатичко општество и администрација, да достави до Секретаријатот за европски прашања англиски превод на Правилникот за начинот на градба и условите за пристап и користење на јавните електронски комуникациски мрежи и придружни средства („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 221/23 година), најдоцна до 18 декември 2023 година.

4. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да подготви и достави кореспондентната табела за транспозицијата на Директива 2002/58/ЕС на Европскиот парламент и Советот од 12 јули 2002 година, која се однесува на процесирање на лични податоци и заштита на приватноста на електронски комуникацискиот сектор (Директивата за Е-приватност), во Законот за електронски комуникации на македонски и англики јазик и истата да ја достави Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 18 декември 2023 година.

5. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да ги достави одговорите на дополнителните прашања за Поглавје 10-Информатичко општество и медиуми од Кластер 3-Конкурентност и инклузивен раст и законските прописи на англиски јазик до Европската комисија, преку Постојаната мисија при Европската унија во Брисел, најдоцна до 21 декември 2023 година, веднаш откако ќе бидат доставени од надлежните институции.

- Информација за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Кластер 6 Надворешни односи, Поглавје 30 Надворешни односи, со прилози

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Кластер 6 Надворешни односи, Поглавје 30 Надворешни односи, кој ќе се одржи на 6 декември 2023 година, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја утврди Листата на учесници за билатералниот скрининг за Поглавје 30, Надворешни односи.

2. Се задолжува Работната група за Поглавјето 30, Надворешни односи при настапот на билатералниот скрининг да се придржува кон дефинираните ставови и позиции, согласно презентациите и насоките од Главниот преговарач и Секретаријатот за европски прашања.

- Информација за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Кластер 6 Надворешни односи, Поглавје 31 Надворешна безбедносна и одбранбена политика, со прилози

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Кластер 6 Надворешни односи, Поглавје 31 Надворешна безбедносна и одбранбена политика, кој ќе се одржи на 7 декември 2023 година, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја утврди Листата на учесници за билатералниот скрининг за Поглавје 31, Надворешна безбедносна и одбранбена политика.

2. Се задолжува Работната група за Поглавјето 31, Надворешна безбедносна и одбранбена политика при настапот на билатералниот скрининг да се придржува кон дефинираните ставови и позиции, согласно презентациите и насоките од Главниот преговарач и Секретаријатот за европски прашања.

- Информација за степенот на реализација на препораките и преземените активности за зачувување на статусот УНЕСКО-Светско наследство на природното и културното наследство во Охридскиот Регион

По повод укажувањето на д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура во врска со степенот на реализација на препораките од УНЕСКО и советодавните тела и преземените активности во насока на зачувување на статусот на Светско природно и културно наследство на Охридскиот Регион, Владата ги донесе следните заклучоци:

1. За член на Комитетот за управување со сливот на Охридското Езеро помеѓу Република Северна Македонија и Република Албанија, покрај постоечките членови да биде и Благој Бочварски, министер за транспорт и врски.

2. Претседавач со Комитетот за управување со сливот на Охридското Езеро помеѓу Република Северна Македонија и Република Албанија да биде Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање.

Согласно ова, се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да подготви соодветен акт, кој да се разгледа на седница на Владата.

- Информација за степенот на реализација на мерките од Планот за борба против корупција

-Информација за потребата од измени и дополнување на Законот за рестриктивни мерки

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од измени и дополнувања на Законот за рестриктивни мерки, ја усвои и притоа заклучи:

1. Се задолжува Министерството за надворешни работи во рок од три дена до Владата да достави Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за

рестриктивни мерки, со кој како основ за рестриктивни мерки во смисла на овој закон кои се опфатени во член 2, ќе се предвидат и мерките/ правните акти на Соединетите Американски Држави и кој член ќе гласи:

„Во Законот за рестриктивни мерки („Службен весник на Република Македонија" бр.190/17), членот 2 се менува и гласи :

„Рестриктивни мерки во смисла на овој закон се мерките кои имаат за цел одржување на меѓународниот мир, безбедноста, почитувањето на човековите права и основните слободи и развојот на демократијата и владеењето на правото, борбата против корупцијата, организираниот криминал и тероризмот кои се воведуваат, изменуваат или престануваат врз основа на:

а) правно обврзувачки резолуции на Советот за безбедност на Обединетите нации;

б) правни акти на Европската Унија;

в) правните акти на Соединетите Американски Држави;

г) правни акти на други меѓународни организации во кои членува Република Северна Македонија во согласност со меѓународното право;

д) барање од надлежен орган на друга држава за воведување, изменување или престанување на важење на финансиски мерки против тероризам и/или пролиферација или

ѓ) други акти согласно со овој закон.".

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи во Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за рестриктивни мерки да ги предвиди/измени и останатите одредби од истиот, согласно членот 2.

3. Формира Координативно тело за анализа и зајакнување на легислативата во борбата против корупцијата и организираниот криминал, во состав:

- м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење-претседавач и членови:
- д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи;
- Славјанка Петровска, министер за одбрана;
- Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи;
- м-р Кренар Лога, министер за правда;
- д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, со лица кои тој ќе ги определи од органите во состав на Министерството;
- м-р Крешник Бектеши, министер за економија и
- претставници од безбедносните служби, по потреба за советодавна улога.

Координативното тело ќе ги опфати сите активности и дополнителни мерки, во однос на легислатива и промени на легислативата, во делови на државата како систем, од стратешки интерес.

4. Се задолжува Управата за финансиско разузнавање да постапува согласно постојните законски надлежности имајќи ја предвид Нотата по однос на Црната

листа на Министерството за финансии на Соединетите Американски Држави, проследена до Управата.

*

*  *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа Акцискиот план на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија за спроведување на дадените препораки во Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 2**

Владата на предлог на д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, го одложи од разгледување Извештајот за работењето на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија, за период од 1.1.2023 година до 30.6.2023 година, поради потребата предлагачот да го докомплетира доставениот материјалот.

**Точка 3**

Владата го разгледа Барањето за доделување на простор за потребите на Анима, Центар за личен развој, едукација и психотерапија и му укажа на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје да донесе:

-Одлука за изземање од стопанисување со недвижните ствари од Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје (60м2 деловен простор, запишан во Имотен лист број 24979 на КП 12417 за КО Битола 3) и потоа да достави соодветна предлог-одлука до Владата и

-Одлука за давање на трајно користење, без надоместок, недвижна ствар на Анима, Центар за личен развој, едукација и психотерапија, деловен простор во Битола, запишан во Имотен лист број 24979 на КП 12417 за КО Битола 3 во сопственост на Република Северна Македонија и потоа да достави соодветна предлог-одлука до Владата.

**Точка 4**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2023 година.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата за објавување на Јавен повик за пренесување на правото на градење на објект за потребите на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Јавниот повик за пренесување на правото на градење на објект за потребите на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата со предлог за донесување на одлука за продажба на деловни простории сопственост на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми"-Скопје, со дополнување и Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продажба на деловни простории во сопственост на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми"-Скопје.

**Точка 7**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2023 година.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата за задолжување на Општина Шуто Оризари кај Комерцијална банка АД Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за задолжување на Општина Шуто Оризари со долгорочен кредит кај Комерцијална банка АД Скопје.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на концесионерот Глобал енерџи ДОО Скопје, за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на малата хидроелектрична централа, МХЕЦ Рибничка со реф.бр. 7, со текст на Анекс бр.5 на Договорот и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија, како концедент да склучи Анекс кон Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Рибничка со реф. бр.7, бр.11-4342/1 од 7.5.2015, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 28.2.2025 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот Глобал енерџи ДОО Скопје, да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот за МХЕЦ Рибничка со реф.бр.7, најмалку до 29.4.2025 година.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности на проектот „Замена на стари куќни водомери со нови хоризонтални повеќемлазни водомери со (Clip ON) радио модул, како и замена на старите хоризонтални водомери со нови хоризонтални ултразвучни водомери и нивна интеграција во системот за далечинско отчитување на ЈП Комуна, Крушево-со негова надоградба и набавка на дополнителна опрема за далечинско отчитување Градба од II категорија, Општина Крушево“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2023 година и 2024 година на Министерството за животна средина и просторно планирање за започнување на повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности на проектот „Замена на стари куќни водомери со нови хоризонтални повеќемлазни водомери со (Clip ON) радио модул, како и замена на старите хоризонтални водомери со нови хоризонтални ултразвучни водомери и нивна интеграција во системот за далечинско отчитување на ЈП Комуна, Крушево-со негова надоградба и набавка на дополнителна опрема за далечинско отчитување Градба од II категорија, Општина Крушево“ и тоа:

-10.000.000,00 денари за 2023 година и
-14.040.000,00 денари за 2024 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање потребните средства да ги предвиди во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности за реализација на проектот „Изградба на колекторски систем од Радожда до Калишта“, Општина Струга и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредната 2023 година и 2024 година на Министерството за животна средина и просторно планирање за започнување на повеќегодишна јавна набавка за

финансирање на активности на проектот „Изградба на колекторски систем од Радожда до Калишта", Општина Струга и тоа:

-2.100.000,00 денари со ДДВ за 2023 година,
-25.000.000,00 денари со ДДВ за 2024 година и
-32.900.000,00 денари со ДДВ за 2025 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање потребните средства да ги предвиди во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на буџетот на Република Северна Македонија, за соодветните фискални години.

## Точка 12

Владата ја разгледа Информацијата за повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности на проектот „Регулација на речно корито на Сува Река во атарот на Општина Сарај" и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните 2023, 2024, 2025 и 2026 година на Министерството за животна средина и просторно планирање за започнување на повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности на проектот „Регулација на речно корито на Сува Река во атарот на Општина Сарај" и тоа:

-2.050.000,00 денари за 2023 година;
-87.728.000,00 денари за 2024 година;
-101.984.000,00 денари за 2025 година и
-135.238.000,00 денари за 2026 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

## Точка 13

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба-за изградба на пристапен пат од регионален пат Р2336 Стари Град (врска со Р1312-Богомила-Ропотово (врска со Р1303) КО Согле, Општина Чашка, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште

за изработка на Проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба-за изградба на пристапен пат од регионален пат Р2336 Стари Град (врска со Р1312- Богомила-Ропотово (врска со Р1303) КО Согле, Општина Чашка.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за државен пат-Р2133, делница с.Ропалце-с.Матејче, делница 1 од 0+000,08 км до 0+945,72 км, КО Ропалце, Општина Липково, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за државен пат-Р2133, делница с.Ропалце-с.Матејче, делница 1 од 0+000,08 км до 0+945,72 км, КО Ропалце, Општина Липково.

**Точка 15**

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Горна Матка и Долна Матка за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација и Е-инфраструктура КО Матка, КО Матка-вон град, Општина Сарај, со Предлог-одлука.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Дафинка Димитриева, ул. „Орце Николов“ бр.12, Демир Капија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Друштвото за производство на вино Винарија Крњево ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.„1558“ бр.18-А/Радишани, Бутел, Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

## Точка 18

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потпишување Договор за реализација на проект „Зајакнување на капацитетите и развој на стратешки рамки за градење ниско јаглеродно и општество отпорно на климатски промени во Република Северна Македонија", финансиран од Зелениот климатски фонд, со текст на Договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Договорот за реализација на проект „Зајакнување на капацитетите и развој на стратешки рамки за градење ниско јаглеродно и општество отпорно на климатски промени во Република Северна Македонија".

2. Се овластува Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економски ресори и инвестиции, како национален координатор кон Зелениот климатски фонд да го потпише Договорот за реализација на проект „Зајакнување на капацитетите и развој на стратешки рамки за градење ниско јаглеродно и општество отпорно на климатски промени во Република Северна Македонија".

## Точка 19

Владата ја разгледа Информацијата за статус на Договорот за доделување на државна помош бр.12-68/13 од 31.7.2015 година склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и компанијата Кранфилд Фаундри ДООЕЛ Скопје, Анекс бр.1 кон Договорот со арх.бр.13-8462/1 од 5.9.2018 година, Анекс бр.2 кон Договорот со арх.бр.13-6307/1 од 23.6.2020 година и Анекс бр.3 кон Договорот со арх.бр.09-11437/1 од 15.10.2021 година, ја усвои и го задолжи Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, до компанијата Кранфилд Фаундри ДООЕЛ Скопје, да испрати писмено известување со барање за плаќање на договорната казна во износ од 500.000 евра (30.750.000 денари), како и целокупната примена државна помош во износ од 101.056.278 денари, или вкупно 131.806.278 денари, која корисникот има обврска да ја плати во две транши, согласно следната динамика:

-исплата на прва транша во висина од 61.500.000 денари, најдоцна до 30.12.2023 година и

-исплата на втора транша во висина од 70.306.278 денари, најдоцна до 31.1.2024 година.

## Точка 20

Владата го разгледа Извештајот за извршени преговори за кофинансирање на изработка на Проект за изградба на тунел на патот Тетово-Призрен помеѓу Владата

на Република Северна Македонија-Министерство за транспорт и врски и Владата на Република Косово-Министерство за животна средина, просторно планирање и инфраструктура, со усогласен текст на Договор и го прифати Извештајот со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот за кофинансирање на изработка на Проект за изградба на тунел на патот Тетово-Призрен помеѓу Владата на Република Северна Македонија-Министерство за транспорт и врски и Владата на Република Косово-Министерство за животна средина, просторно планирање и инфраструктура.

2. Се определува Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски, во име на Владата на Република Северна Македонија, да го потпише Договорот за кофинансирање на изработка на Проект за изградба на тунел на патот Тетово-Призрен помеѓу Владата на Република Северна Македонија-Министерство за транспорт и врски и Владата на Република Косово-Министерство за животна средина, просторно планирање и инфраструктура.

**Точка 21**

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата за меѓународни стандарди и компаративен преглед за платите на судиите и јавните обвинители.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата со предлог за донесување уредба за изменување и дополнување на Уредбата за канцелариско и архивско работење, со Предлог-уредба, ја усвои Информацијата и ја донесе Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за канцелариско и архивско работење.

**Точка 23**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024-2028 година (усогласена со Министерството за финансии).

**Точка 24**

Владата ја донесе Уредбата за Методологија за утврдување на критериуми за распределба на наменски дотации за основното образование по општини за 2024 година.

**Точка 25**

Владата ја донесе Уредбата за Методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок-дотации за основното образование по општини за 2024 година.

**Точка 26**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за заштита на населението од ХИВ-инфекција во Република Северна Македонија за 2023 година.

**Точка 27**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за едукација на лекари и медицински персонал, за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени, како и за спроведување на обуки за вршење преглед на умрени лица за 2023 година.

**Точка 28**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за трансплантација во Република Северна Македонија за 2023 година.

**Точка 29**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата во Република Северна Македонија за 2023 година.

**Точка 30**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за обезбедување на инсулин, глукагон, инсулински игли и ленти за мерење шеќер, инсулински пумпи со потрошен материјал и сензори за континуирано мерење на гликемија за 2023 година.

**Точка 31**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за задолжително здравствено осигурување на државјаните на Република Северна Македонија кои не се задолжително здравствено осигурани за 2023 година.

**Точка 32**

Владата по Правилникот за поблиските услови по однос на просторот, опремата, кадарот, начинот на обезбедување и чување на просторот на кој се одгледува канабисот, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за поблиските услови по однос на просторот, опремата, кадарот, начинот на обезбедување и чување на просторот на кој се одгледува канабисот.

**Точка 33**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за бројот на студенти за запишување во прва година-прв циклус на студии на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“-Битола, Универзитетот во Тетово, Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, во учебната 2023/2024 година.

**Точка 34**

Владата го разгледа Годишниот извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија за 2022 година и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 33 од Законот за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија“ бр.66/10, 145/10, 12/14, 43/14, 154/15, 192/15, 27/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.122/21), Државниот завод за ревизија изготвува Годишен извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија и истиот го доставува на разгледување до Собранието на Република Северна Македонија, најдоцна до 30 јуни во тековната година, за претходната година.

Во Годишниот извештај на Државниот завод за ревизија презентирани се резултатите од извршените ревизии и утврдените состојби кај субјектите кои биле предмет на ревизија согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2022 година.

Државниот завод за ревизија во 2022 година извршил вкупно 188 ревизии, од кои 170 ревизии на регуларност, 12 ревизии на успешност и шест ревизии на усогласеност.

Со спроведените ревизии опфатени се вкупно 333 субјекти, констатирани се 1242 наоди и издадени се вкупно 775 препораки.

Согласно Извештајот, вкупниот буџет на Државниот завод за ревизија во 2022 година изнесувал 142.845 илјади денари. Од нив 97,92% или 139.875 илјади денари се

средства обезбедени од основниот буџет на Сметката 637, а 2,08% односно 2.970 илјади денари се средства обезбедени од основниот буџет на Сметката 631.

Од аспект на структурата на реализираните расходи на Државниот завод за ревизија, најголемиот дел од нив, 75,4% или 100.722 илјади денари се однесуваат на плати и надоместоци на вработените, 17,6% или 23.527 илјади денари се однесуваат за стоки и услуги, 6,% или 8.112 илјади денари се однесуваат за капитални расходи и 1% односно 1.303 илјади денари се разни трансфери.

Во однос на донациите, во 2022 година на Сметката 785-Буџет на донации не се евидентирани трансакции, од причина што средствата од одобрениот грант во износ од 30 илјади американски долари од проектот (General Court of Audit-Saudi FISP) се трансферирани во јануари оваа година.

Составен дел на Годишниот извештај е и Извештајот на независниот ревизор од извршена ревизија на финансиските извештаи на Државниот завод за ревизија за средствата од Буџетот на Република Северна Македонија и Извештајот на независниот ревизор од извршена ревизија на финансиските извештаи за проектот (General Court of Audit-Saudi FISP).

Ревизија на финансиските извештаи на Државниот завод за ревизија е извршена од страна на Друштвото за ревизија РСМ Македонија ДООЕЛ Скопје.

Според Мислењето на независниот ревизор, финансиските извештаи за средствата од Буџетот на Република Северна Македонија, како и финансиските извештаи за Проектот (General Court of Audit-Saudi FISP) ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти, финансиската состојба на Државниот завод за ревизија и законското користење на средствата во 2022 година.

По однос на Годишниот извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија за 2022 година, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки.

## Точка 35

Владата ја разгледа Иницијативата од Здружението „Помалку пластика“ од Скопје, доставена до Уставниот суд под бр. У.бр.86/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 2 став (1) точка 1) од Правилникот за стандардите за биоразградливост кои треба да ги исполнуваат кесите за носење на стоки, начинот на пуштање на пазар на биоразградливи кеси од страна на трговци, како и формата и содржината на образецот за водење на евиденција („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.265/21) и член 1 од Правилникот за изменување на Правилникот за стандардите за биоразградливост кои треба да ги исполнуваат кесите за носење на стоки, начинот на пуштање на пазар на биоразградливи кеси од страна на трговци, како и формата и содржината на образецот за водење на

евиденција („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.112/23) и притоа го утврди следното мислење:

Во поднесената Иницијатива е наведено дека постапката за оцена на уставноста се поведува за член 2 став (1) точка 1) од Правилникот за стандардите за биоразградливост кои треба да ги исполнуваат кесите за носење на стоки, начинот на пуштање на пазар на биоразградливи кеси од страна на трговци, како и формата и содржината на образецот за водење на евиденција („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.265/21) каде се наведува дека „кеси за носење на стоки" се кеси над 15 микрони наменети за носење на производи и стоки за лична потрошувачка кои се набавуваат во продавници, магацини, складови, деловни простори, зелени пазари и посебни пазари каде што се врши трговија на мало, освен кесите кои не се предмет на секојдневна општа побарувачка, како што се кесите за носење текстил, книги, канцелариски материјал, техничка стока, лекови и помошни медицински производи, садови за домаќинство, сите видови на обувки, детски играчки, спортска опрема и слична стока, како и за член 1 од Правилникот за изменување на Правилникот за стандардите за биоразградливост кои треба да ги исполнуваат кесите за носење на стоки, начинот на пуштање на пазар на биоразградливи кеси од страна на трговци, како и формата и содржината на образецот за водење на евиденција („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.112/23) со кој се менува претходно наведениот член во делот на „кеси со дебелина на ѕидот од 15 до 50 микрони", кои според подносителот на Иницијативата се во спротивност со одредбите на член 8 став (1) алинеја 10, член 43, член 51, член 110 алинеја 1 и 2 и член 112 од Уставот на Република Северна Македонија и член 6 став (1) точки 6), 7), 8) и 9) и член 10 од Законот за управување со пакување и отпад од пакување (*).

Подносителот на Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста наведува дека министерот за животна средина и просторно планирање во претходно цитираниот член излегол надвор од овластувањата дадени во член 10 став (6) од Законот за управување со пакување и отпад од пакување (*) кој гласи: „Министерот кој раководи со органот на животната средина ги пропишува стандардите за биоразградливост од ставот (3) од овој член кои треба да ги исполнуваат кесите за носење на стоки, начинот на пуштање на пазар на биоразградливи кеси од страна на трговците, како и формата и содржината на образецот за водење на евиденцијата од ставот (5) на овој член" и на тој начин постапил спротивно на член 51 став (1) од Уставот на Република Северна Македонија.

Подносителот на Иницијативата истакнува дека министерот за животна средина и просторно планирање нема овластување да го утврдува опсегот на биоразградливите кеси за носење на стоки за кои се пропишуваат стандардите за биоразградливост и спротивно на член 10 став (6) од Законот за управување со пакување и отпад од пакување (*) на два начина го менува опсегот и тоа: прво преку определување на опсегот на кесите од 15 до 50 микрони и второ, преку воведување на исклучок за кесите кои не се предмет на секојдневна општа побарувачка, како

што се кесите за носење на текстил, книги, канцелариски материјал, техничка стока, лекови и помошни медицински производи, садови за домаќинство, сите видови на обувки, детски играчки, спортска опрема и слично.

Со дефинирањето на кесите за носење на стоки во Правилникот, министерот за животна средина и просторно планирање пристапува кон подетално уредување на истите. Овластувањето на министерот за животна средина и просторно планирање е да ги пропише стандардите за биоразградливост од член 10 став (3) од Законот за управување со пакување и отпад од пакување (*) кои треба да ги исполнуваат кесите за носење на стоки, начинот на пуштање на пазар на биоразградливи кеси од страна на трговците, како и формата и содржината на образецот за водење на евиденцијата од ставот (5) на овој член. Во членот 10 став (3) од Законот за управување со пакување и отпад од пакување (*) е наведено дека „По исклучок од ставот (1) од овој член, со плаќање на надоместок од страна на крајните корисници, дозволено е пуштање на пазар во Република Северна Македонија биоразградливи кеси за носење на стоки кои се произведени согласно со пропишаните стандарди за биоразградливост освен многу лесните пластични кеси за носење на стоки“. Согласно наведеното, исклучок постои само за многу лесни пластични кеси кои се под 15 микрони.

Начинот на кој министерот за животна средина и просторно планирање пристапил кон дефинирање на кесите за носење на стоки е подетално и појасна дефинирање на одредбите од Законот за управување со пакување и отпад од пакување (*) и прецизно определување на кои кеси за носење на стоки ќе се применуваат стадардите за биоразградливост. Законот за управување со пакување и отпад од пакување (*) содржи општа дефиниција за пластични кеси за носење на стоки и „пластичните кеси за носење на стоки“ ги дефинира на следниот начин: „кеси за носење, со или без рачки, изработени од пластика, кои се достапни за протрошувачите на продажните места на стоки и производи.

Во Правилникот, чија цел е дефинирање на стандардите за биоразградливост само се врши допрецизирање на кесите за носење на стоки на кои се однесуваат овие стандарди. Прецизното дефинирање се врши на два начина со дефинирање на дебелината на ѕидот на кесите и дефинирање на намената на кесите за кои ќе се применуваат стандардите.

Потребата за подетално регулирање на кесите за носење на стоки произлегува од досегашното искуство и истото е во насока на примена на практични и применливи решенија согласно целите и насоките на прописите од областа на отпадот.

Имено, со измените на Правилникот само се допрецизира дека кесите за носење на стоки се оние од 15 до 50 микрони кои се наменети за носење на производи и стоки за лична потрошувачка кои се набавуваат во продавници, магацини, складови, деловни простори, зелени пазари и посебни пазари каде што се врши трговија на мало, а не влегуваат кесите за носење на текстил, книги, канцелариски материјал,

техничка стока, лекови и помошни медицински производи, садови за домаќинство, сите видови обувки, детски играчки, спортска опрема и слична стока.

Ова подетално уредување е да се направи разграничување на кесите за носење на стоки кои имаат најголемо влијание врз животната средина, за разлика од кесите за носење кое се користат за друга намена која не влегува во секојдневна употреба.

Друг аргумент е дека ваквата подетална дефиниција се должи на фактот дека кесите кои не се за секојдневна употреба се користат повеќекратно и не се користат секојдневно за разлика од кесите за лична потрошувачка.

Во однос на примената на стандардите за биоразградливост е јасно на кои кеси за носење на стоки дефинирани во Правилникот ќе се применуваат стандардите согласно деталната дефиниција дадена во Правилникот односно на кеси со дебелина на ѕидот од 15 до 50 микрони наменети за носење на производи и стоки за лична потрошувачка кои се набавуваат во продавници, магацини, складови, деловни простори, зелени пазари и посебни пазари каде што се врши трговија на мало.

Доколку не постои детална дефиниција на која ќе се однесуваат стандардите за биоразградливост би значело дека Правилникот ќе треба да се применува на сите кеси за носење на стоки.

Општата примена на стандардите за сите кеси за носење на стоки е во спротивност и со Директивата за пластични кеси (Директива (ЕУ) 2015/720) со која се менува Директивата за пакување и отпад од пакување (94/62/ЕС).

Имено, измената на Директива е усвоена за да се справи со неодржливата потрошувачка и употребата на лесни пластични кеси за носење (т.е. пластични кеси за носење со дебелина помала од 50 микрони во Европа).

Директивата бара од земјите членки да преземат мерки, како што се национални цели за намалување и/или економски инструменти (пр. такси и надоместоци) и маркетиншки ограничувања (забрани), под услов вторите да бидат пропорционални и недискриминаторски. За илустрација, мерките преземени од земјите членки вклучуваат едно или двете од следниве:

-усвојување мерки со кои ќе се осигурува дека годишното ниво на потрошувачка не надминува 90 лесни пластични кеси за носење по лице до 31 декември 2019 година и 40 лесни пластични кеси за носење по лице до 31 декември 2025 година, или еквивалентни цели поставени во тежина и/или

-усвојување на инструменти кои обезбедуваат до 31 декември 2018 година, лесните пластични кеси да не се обезбедуваат бесплатно на местото на продажба на стоки

или производи, освен ако не се имплементираат подеднакво ефективни инструменти.

Многу лесни пластични кеси за носење на стоки (пластични кеси за носење со дебелина на ѕидот под 15 микрони кои се потребни за хигиенски цели или обезбедени како примарна амбалажа за храна со помала тежина кога тоа помага да се спречи трошење храна) може да бидат исклучени од овие цели, но од земјите членки се бара да известуваат за нивната потрошувачка.

Земјите членки немаат обврска да усвојат маркетиншки ограничувања (забрани) за пластични кеси за носење со дебелина на ѕид над 50 микрони (т.е. кеси за повеќекратна употреба), но можат слободно да усвојат други мерки за намалување на нивната потрошувачка, како што се економски инструменти или други национални мерки за намалување.

Врз основа на претходно наведеното, со деталното уредување на дефиницијата на „кесите за носење на стоки“ во Правилникот, министерот за животна средина и просторно планирање не излегол надвор од овластувањата дадени во член 10 став (6) од Законот за управување со пакување и отпад од пакување (*), со оглед дека во истата се пропишуваат стандарди за биоразградливост кои треба да ги исполнуваат кесите за носење на стоки, како и со оглед дека начинот на којшто е дефиниран членот 2 точка 1 од Правилникот е во согласност со член 6 став (1) точки 6), 7), 8) и 9) и член 10 од Законот за управување со пакување и отпад од пакување (*) и во насока на негова попрецизна и појасна примена.

Имајќи го предвид претходно наведеното, оспорените одредби односно член 2 став (1) точка 1) од Правилникот за стандардите за биоразградливост кои треба да ги исполнуваат кесите за носење на стоки, начинот на пуштање на пазар на биоразградливи кеси од страна на трговци, како и формата и содржината на образецот за водење на евиденција („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.265/21) и член 1 од Правилникот за изменување на Правилникот за стандардите за биоразградливост кои треба да ги исполнуваат кесите за носење на стоки, начинот на пуштање на пазар на биоразградливи кеси од страна на трговци, како и формата и содржината на образецот за водење на евиденција („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.112/23) се во согласност со одредбите на член 8 став 1 алинеја 10, член 43, член 51, член 110 алинеи 1 и 2 и член 112 од Уставот на Република Северна Македонија и член 6 став (1) точки 6), 7), 8) и 9) и член 10 од Законот за управување со пакување и отпад од пакување (*), поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли предметната Иницијатива како правно неоснована, односно да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на овој член од Законот.

## Точка 36

Владата ја разгледа Иницијативата од Финмак ДОО Скопје од Скопје преку полномошник Адвокатско друштво Дебарлиев, Дамески и Ќелешоска од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.179/2023 за оценување на уставноста на Законот за данок за солидарност (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.199/23) и притоа го утврди следното мислење:

Со поднесената Иницијатива се предлага поведување постапка за оценување на уставноста на Законот за данок за солидарност (*) (во натамошниот текст: Законот) во целина, поради тоа што подносителот смета дека оспорениот закон е во целосна спротивност со Уставот на Република Северна Македонија, односно со член 8 став 1 алинеја 1 (Законот предизвикува повреда на начелото на владеењето на правото како темелна вредност на уставниот поредок), со членовите 55 и 33 (со Законот е повредено правото на сопственост, слобода на пазарот и претприемништвото и еднаквата положба на сите субјекти на пазарот и нивното учество во подмирување на јавните давачки), со член 52 став 4 (Законот предизвикува повреда на забраната на повратно дејство на законите и другите прописи), со членот 52, став 3 (повреда на начелото на објавување на законите) од Уставот на Република Северна Македонија како и повреда на начелото non bis in idem (двојно оданочување на приходот од 2022 година).

Подносителот на Иницијативата предлага Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе одлука со која ќе го поништи целосно Законот за данокот на солидарност и притоа изнесува и посебен предлог судот да донесе решение за запирање на извршувањето на Законот за данок на солидарност, се до донесување на конечна одлука по оваа иницијатива.

Во Иницијативата, подносителот наведува дека, во врска со член 8 став (1) алинеја 1 од Уставот на Република Северна Македонија, Законот „предизвикува повреда на начелото на владеењето на правото...-пред се поради неговата конфузна и нејсна содржина, контрадикторност на целите на данокот, неусогласеност со Регулативата и неизвршивост на одредбите за извршување на законот“.

Понатаму, наведува дека „Законодавецот е должен да конципира прецизни, недвосмислени и јасни норми коишто ќе ја гарантираат правната сигурност на граѓаните, што не е случај со данокот на солидарност.“.

По основ на овој навод, се истакнува дека Законот не е во спротивност со членот 8 став 1 алинеја 1 од Уставот на Република Северна Македонија, односно истиот претставува правна норма која е јасна, прецизна и разбирлива, и истата не остава можност за различно толкување и примена или можност за правна несигурност на граѓаните.

Имено, Законот јасно, прецизно и разбирливо пропишува кој е даночен обврзник, начинот на пресметка на даночната основа, стапката на оданочување и роковите за пресметување и плаќање на данокот за солидарност.

Даночниот обврзник за данокот на солидарност е јасно и прецизно утврден со член 4 од Законот, согласно кој обврзник на данокот за солидарност е обврзникот на данокот на добивка, кој во 2022 година остварил вкупен приход поголем од 615.000.000 денари. Воедно, со членот 5 од Законот е пропишано дека по исклучок на членот 4, обврзник на данокот за солидарност не е обврзникот кој:

а) отпочнал со вршење на дејност во текот на 2022 година, освен во случај кога отпочнувањето со вршење на дејност е резултат на статусна промена;

б) има искажано нула износ на даночна основа по намалување во даночниот биланс за оданочување на добивка во сите периоди во кои вршел дејност од член 6 ставови (3) и (4) од овој закон;

в) престанал со вршење на дејност согласно Законот за трговските друштва, без да изврши статусна промена и поднесува последен даночен биланс за оданочување на добивка за даночниот период од 2022 година.

Даночната основа за данокот на солидарност е јасно пропишана со одредбите од членот 6, согласно кој даночната основа за пресметување на данокот за солидарност претставува позитивната разлика помеѓу износот на даночната основа по намалување утврден во даночниот биланс за оданочување на добивката за 2022 година или просечниот износ на даночната основа по намалување за 2021 и 2022 година и просечниот износ на даночна основа по намалување утврден во даночните биланси за оданочување на добивка за претходните периоди зголемен за 20%.

Воедно, со член 8 став (1) е пропишана обврската на даночниот обврзник да ја утврди даночната основа согласно член 6 став (1), односно став (2) од овој закон, а во случај на статусни промени согласно член 6 став (5) од овој закон врз основа на образецот „ДБ-ДС-Даночен биланс за оданочување со данок за солидарност“.

Даночната стапка за данокот за солидарност е утврдена со членот 7 од Законот, и истата изнесува 30%.

Конечно, рокот за поднесување на даночен биланс за оданочување со данок за солидарност е јасно утврден со член 8 став (2) од Законот, додека пак согласно членот 15 од Законот, даночниот обврзник е должен да го плати данокот за солидарност најдоцна во рок од 30 дена од истекот на рокот утврден во членот 8 став (2) од овој закон.

Оттука, со јасно и прецизно пропишување на сите елементи кои се од значење за правилна примена и извршување на Законот, не се основани ниту наводите на подносителот во поглед на неговата конфузна и нејасна содржина.

Понатаму, подносителот на Иницијативата укажува на наводна контрадикторност на целите на данокот и неусогласеност со Регулативата на Европската Унија, односно дека „...законодавецот им претставува на граѓаните и засегнатите компании дека Законот за данокот на солидарност се носи со цел усогласување со Регулативата, што во конкретниот случај е неадекватна презентација, имајќи предвид дека со Регулативата донесена во 2022 година, во време на „енергетска криза" се воспоставува итна интервенција за ублажување на ефектите од високите цени на енергијата, со цел да се воведе горна граница на пазарните приходи што одредени производители ги добиваат од производството на електрична енергија и да се прераспределат на таргетиран начин до крајните потрошувачи на електрична енергија, на начин што воспоставува задолжителен привремен придонес за солидарност на компаниите и постојаните деловни единици од Унијата кои вршат дејност со сурова нафта, природен гас, јаглен и рафинериски сектори за да се овозможи достапност на електричната енергија за домаќинствата и компаниите. Неусогласеноста на целите на Законот и Регулативата, произлегува и од опсегот на лицата на кои задолжително се применува давачката. Односно кај Регулативата, како обврзници за плаќање на данокот на солидарност се јавуваат исклучиво компании од енергетскиот сектор, согласно намерата за ублажување на последиците од енергетската криза, додека пак, Законот за данокот на солидарност (*) ги таргетира компаниите од сите сектори, под услов во 2022 година истите да имале приходи повисоки од 615.000.000 денари, при што со вака собраните средства од данокот на солидарност ќе се финансираат мерките за справување со последиците од Covid-19 кризата и други кризни состојби.".

По основ на овој навод, се известува дека со Законот се врши усогласување со Регулативата на Советот (ЕУ) 2022/1854 од 6 октомври 2022 година за итна интервенција за решавање на проблемот со високите цени на енергијата, донесена токму заради ублажување на последиците од енергетската криза. Во рамки на споменатата Регулатива на Европската Унија е предвидено воведување на придонес за солидарност, којшто треба да делува како прераспределувачка мерка за да се осигура дека компаниите кои оствариле вишок на профит како резултат на неочекувани околности, пропорционално придонесуваат за ублажување на енергетската криза на внатрешниот пазар. Имено, укажуваме дека не постои отстапување по однос на целта и намената на прибраните приходи по основ на данокот за солидарност кои се утврдени со Законот во однос на оние утврдени во наведената Регулатива на Европската Унија, односно целта на Законот е токму надминување на дисторзијата на пазарот и редистрибуција на товарот од негативните последици од кризата помеѓу компаниите кои оствариле најголем бенефит/профит во време на истата, преку издвојување на дел од профитот за антикризни мерки наменети за ублажување на последиците од здравствената, ценовната и енергетската криза. Во оваа насока, имајќи ја предвид Регулативата на

Европската Унија, не само Република Северна Македонија, туку и повеќе земји членки на Европската Унија, воведоа или најавија воведување на данок на екстра профит, меѓу кои Хрватска, Бугарија, Грција, Унгарија, Велика Британија, Италија, Шпанија, Луксембург и Германија, со што се докажува праксата на меѓународно ниво за воведување на овој вид на данок.

Во однос на наводот дека „неусогласеноста на целите на Законот и Регулативата произлегува и од опсегот на лицата на кои задолжително се применува давачката" укажуваме дека за остварување на целта на Регулативата на Европската Унија, а имајќи ја предвид структурата на пазарот во земјата и отсуството на значителен број на компании од енергетскиот сектор, по извршени детални анализи на финансиските остварувања на компаниите во различни индустрии, законодавецот одлучи данокот за солидарност да важи за сите даночни обврзници во земјата кои ги исполнуваат условите предвидени во Законот, а не само за даночните обврзници од енергетскиот сектор.

Ваквата пракса е присутна и во останати земји членки на Европската Унија. Имено, водени од целите на Регулативата на Европската Унија, дел од земјите членки на Европската Унија пристапија кон воведување на дополнителни еднократни давачки за субјектите од енергетскиот сектор, додека пак дел од нив предвидоа проширен опфат на секторите на кои истата се применува преку воведување на вакви давачки и за компании од други дејности (Хрватска, Унгарија, Шпанија и други), а како што е случајот и со Република Северна Македонија. Оттука, праксата на проширен опфат на секторите врз кои се применува оваа давачка се смета дека не е во спротивност со Регулативата на Европската Унија.

Воедно, а во насока на исполнување на главната цел на овој закон, а тоа е секој да учествува во намирувањето на јавните расходи во согласност со своите економски можности и на солидарен начин да придонесе за ублажување на последиците од ценовната и енергетската криза, законодавецот е независен во изборот и можноста да пропишува кој е обврзник за наведениот данок на солидарност согласно целите и постулатите кои се утврдени во Законот. Ова особено земајќи ја предвид претходно спомнатата структура на пазарот во која нема значајно учество на компании од енергетскиот сектор, и значителната буџетска и даночна поддршка која беше дадена на приватниот сектор во време на пандемиската 2020 година, а којашто во голем обем продолжи да се дава и во 2021 и 2022 година, токму со цел поддршка на стопанството за надминување на негативните последици од енергетската и ценовната криза.

Во однос на изнесеното во Иницијативата „дека средствата ќе се користат за финансирање на мерки за справување со Covid-19 кризата (член 3) што во целост ја прави нормативата на овој закон спротивна и целосно различна со онаа на Регулативата на Европската Унија, како и објаснувањето кое Владата го има дадено во предлог Законот.", известуваме дека, согласно членот 3 од Законот се обезбедуваат финансиски средства кои ќе се користат за финансирање на

Потпрограмата П 1-Мерки за справување со Ковид-19 кризата и други антикризни мерки, во Раздел 040.01-Влада на Република Северна Македонија, преку која Потпрограма, во текот на 2023 година се финансираат исклучиво мерки за справување со последиците од енергетската и инфлациската криза, кои последици се присутни кај приватниот сектор и во периодот по завршување на прогласените кризни состојби на територијата на земјата, и токму за чие ублажување се наменети средствата од предметната Потпрограма. Со ова се потврдува во целост истоветноста на целите на Законот и строго утврдената намена на прибраните приходи по основ на овој данок, во однос на Регулативата на Европската Унија.

Оттука, се истакнува дека Законот е во целост усогласен со клучните елементи на предметната Регулатива на Европската Унија кои се однесуваат на воведување на придонесот за солидарност, и тоа како во поглед на целите за воведување на данокот за солидарност, така и во поглед на намената на прибраните средства, концептот на методологијата за пресметка на даночната основа и принципите уредени во истата, односно истиот не е во спротивност со суштинските норми од Регулативата на Европската Унија.

Понатаму, подносителот на Иницијативата наведува дека „правната сигурност, како основа на начелото за владеење на правото е доведена во прашање и во самиот концепт на имплементирање на Законот за данок за солидарност, во кој е предвидена обврска за даночните обврзници да поднесат даночна пријава до Управата за јавни приходи, најдоцна до 25 септември 2023 година, на образец кој ќе го пропише министерот за финансии во рок од 30 дена од стапување на сила на овој закон. Законот за данокот на солидарност е објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.199/23, на 25 септември 2023 година, со што со објавувањето и стапувањето во сила на Законот се преклопува со рокот за поднесување на даночна пријава според овој закон и истовремено не им остава доволен период на засегнатите компании да се запознаат со текстот на законот, што е нивно основно уставно право“.

Во однос на овој навод се укажува дека Предлогот на закон за данок за солидарност (*) од страна на Владата на Република Северна Македонија беше утврден на Сто шеесет и шестата седница, која се одржа на 11 јули 2023 година, по што веднаш беше проследен во собраниска процедура, а на што претходеше целосно транспарентен процес со вклучување на сите засегнати страни. Имено, долго пред донесувањето на Законот, уште на крајот на 2022 година беше спроведен инклузивен консултативен процес со деловната заедница, во рамки на кој дијалог беше презентиран нацрт-текстот на Предлогот на закон и причините за донесување на истиот. Притоа, се укажува дека голем дел од предлозите од деловната заедница кои беа упатени во рамки на овој консултативен процес беа прифатени, односно се интегрирани во финалниот текст на Законот.

Дополнително, по однос на наводот дека „...Законот за данок за солидарност (*) е објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.199/23, на 25

септември 2023 година, со што со објавувањето и стапувањето во сила на Законот се преклопува со рокот за поднесување на даночна пријава според овој закон и истовремено не им остава доволен период на засегнатите компании да се запознаат со текстот на законот, што е нивно основно уставно право", важно е да се истакне дека рокот за поднесување на образецот „ДБ-ДС-Даночен биланс за оданочување со данок за солидарност" беше дополнително продолжен од страна на даночниот орган заклучно до 4.10.2023 година, а се со цел соодветна припрема за пресметка и поднесување на даночната пријава од страна на даночните обврзници. За ваквото продолжување на рокот за поднесување на даночната пријава, даночните обврзници се уредно и навремено известени преку јавни објави од страна на даночниот орган, како и на веб-страницата на Министерството за финансии. Во рамки на дополнително продолжениот рок за поднесување на образецот „ДБ-ДС-Даночен биланс за оданочување со данок за солидарност" и оттаму и за плаќање на данокот за солидарност, не се пресметува камата.

Врз основа на се од погоре наведеното, неосновани се наводите за неусогласеност на Законот со член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, односно истиот е во согласност со наведените одредби од Уставот на Република Северна Македонија.

Понатаму, во Иницијативата, подносителот наведува дека Законот е во спротивност со членовите 55 и 33 од Уставот на Република Северна Македонија, односно дека со Законот е повредено правото на сопственост, слободата на пазарот и претприемништвото и еднаквата положба на сите субјекти на пазарот и нивното учество во подмирување на јавните давачки, истакнувајќи дека со Законот „би требало да се опфатат сите компании од енергетскиот сектор, без исклучоци, а особено не смее да се исклучат оние кои имаат започнато со дејност во областа на енергетиката во 2022 година и во текот на енергетската криза оствариле натпросечни приходи".

По однос на овој навод се укажува дека целта на Законот не е оданочување на успешноста на компаниите, односно нивната способност за учество и дејствување на пазарот, туку целта на Законот како што е укажано погоре е секој да учествува во намирувањето на јавните давачки во рамки на своите можности.

Поаѓајќи од главните цели на Законот, а тоа е надминување на пазарната дисторзија и редистрибуција на товарот од негативните последици од кризата врз компаниите со најголема економска моќ, во истиот јасно се утврдени даночните обврзници, а врз основа на детални анализи, кои ја вклучуваат и класификацијата на трговците во Законот за трговските друштва. Самиот Закон за трговските друштва утврдува поригорозни правила и норми за работа и известување од страна на големите трговци, кои се категоризирани меѓу другото и според висината на годишен приход кој изнесува над 10 милиони евра, а токму како резултат на нивната поголема економска и пазарна моќ споредбено со микро, малите и средните трговци.

Оттука, произлегува и интенцијата на законодавецот за примена на данокот за солидарност само врз обврзнциите кои исполнуваат еден од условите да бидат класифицирани како големи трговци, кои согласно својата финансиска, институционална и пазарна моќ, односно економските потенцијали, имаат можност најмногу да придонесат за остварување на целта на Законот, односно на солидарен начин да учествуваат во ублажување на последиците од ценовната и енергетската криза преку издвојување на дел од вишокот на профит за финансирање на антикризните мерки наменети за правните лица и граѓаните.

Притоа, важно е да се потсети дека преку осумте пакети на антикризни мерки имплементирани од почетокот на здравствената криза во 2020 година, преку директна буџетска поддршка и намалени или укинати даночни давачки, издвоени се околу 120 милијарди денари за поддршка на стопанството, најранливите категории на граѓани (пензионери, граѓани корисници на социјална помош, граѓани со посебни потреби, самохрани родители, домаќинства со ниски приходи, и тн), и младите лица (ученици и студенти), за надминување на негативните последици од последователните кризи.

Само во 2022 година, за справување со енергетската и инфлаторната криза, донесени се повеќе антикризни мерки во делот на оданочувањето, преку кои мерки државата се откажа од прибирање на 4.4 милијарди денари на приходи по основ на даноци.

Сите горенаведени даночни антикризни мерки беа преземени со цел да се олесни товарот на негативните последици од кризи за компаниите и граѓаните, со што со Законот се овозможува балансирање помеѓу буџетската поддршка наменета за компаниите и придобивките на самите претприемачи во однос на општеството во целина.

Воедно, законодавецот своето право за креирање на даночна политика го искористил токму во насока на членот 33 од Уставот на Република Северна Македонија каде е укажано дека „секој е должен да плаќа данок и други јавни давачки и да учествува во намирувањето на јавните расходи на начин утврден со закон“. Имено, законодавецот е слободен во креирање на даночни решенија и преку даночните закони го утврдил видот и обемот на даночните обврзници за кои смета дека треба да се предмет на уредување во самата законска материја, а се во насока на постигнување на целта на даночната политика за која законодавецот е надлежен.

Воедно, Законот не се однесува на компаниите основани во 2022 година, од причина што за истите е неможно утврдување на даночна основица. Имено, согласно членот 6 од Законот, даночната основа за пресметување на данокот за солидарност претставува позитивната разлика помеѓу износот на даночната основа по намалување утврден во даночниот биланс за оданочување на добивката за 2022 година или просечниот износ на даночната основа по намалување за 2021 и 2022

година и просечниот износ на даночна основа по намалување утврден во даночните биланси за оданочување на добивка во претходни фискални периоди зголемен за 20%.

Оттука, со оглед што за компаниите основани во 2022 година не постојат податоци за претходни референтни периоди, не постои можност за утврдување на даночна основата согласно Законот. Ова дотолку повеќе што целта на данокот за солидарност не е оданочување на успешноста во работењето на компаниите, туку зафаќање на енормно повисоките профити остварени во кризните години споредбено со вообичаеното ниво на добивки во претходни неколкугодишни периоди, а која споредба е невозможно да се направи кај новоосновани компании.

Оттука, се укажува дека со опфатот на компаниите во Законот, законодавецот овозможил исполнување на принципите на солидарност и праведност, на кои се темели самиот данок.

Врз основа на погоре изнесените аргументи, предметниот Закон не е во спротивност со член 55 и член 33 од Уставот на Република Северна Македонија, односно со Законот не е повредено правото на сопственост, слободата на пазарот и претприемништвото и еднаквата положба на сите субјекти на пазарот и нивното учество во подмирување на јавните давачки.

Понатаму, подносителот на Иницијативата истакнува дека со Законот е сторена повреда на забраната на повратното дејство на законите и другите прописи (член 52 став 4 од Уставот на Република Северна Македонија), наведувајќи дека „Со Законот за данок за солидарност се опфаќа приходот, односно добивката на засегнатите друштва остварена во 2022 година...Воведувањето на данок во 2023 година кој се применува на приход од 2022 година е ретроактивно оданочување кое се коси хоризонтално со постоечката даночна регулатива и обврски на компаниите за водење на деловни книги и изготвување на финансиски извештаи“.

Подносителот, дополнително укажува и дека „во моментот на носење на Законот за данок за солидарност, не постои кризна состојба која треба да се надминува со вакви вонредни мерки, со оглед дека здравствената криза и енергетската криза се завршени“, како и дека „Содружниците/акционерите веќе ги одобрија финансиските извештаи, распределбата на добивката за финансиската 2022 година и соодветно ги распределија дивидендите. Меѓутоа, доколку Законот немаше ретроактивна примена и/или доколку законодавецот обезбеди јавна и транспарентна законодавна постапка за донесување на Законот, или однапред даде разумно известување и време за подготовка за такво плаќање, компаниите нема да бидат во состојба да го отповикаат и/или прекршат веќе донесените решенија за распределба на добивката, деловните планови и инвестиции“, а исто така, истакнува и дека „уставното начело за забрана на повратно дејство на законите значи забрана на примена на законите во правни ситуации и односи што настанале пред нивното велгување во сила“.

По однос на овие наводи, се укажува дека Законот нема повратно дејство, не се применува на правни ситуации и односи што настанале пред нивното влегување во сила и она што е клучно оданочивиот настан не е остарувањето на добивката во 2022 година.

Напротив, се истакнува дека оданочивиот настан е моментот на настанување на обврската за пресметување на данокот за солидарност, а согласно членот 2 став (1) в.в. членот 8 став (2) и членот 14 од Законот, каде е јасно и недвосмислено установено дека „Данокот за солидарност е еднократна јавна давачка за 2023 година....“, односно се однесува за тековната фискална година и притоа даночниот обврзник е должен да ја утврди посебната даночната основа на посебен образец, кој го поднесува до Управата за јавни приходи во тековната фискална година и да го плати еднократниот данок во рок од 30 дена од поднесување на образецот, исто во тековната 2023 година.

Поконкретно, а согласно членот 6 од Законот, даночната основа за пресметување на данокот за солидарност претставува позитивната разлика помеѓу износот на даночната основа по намалување утврден во даночниот биланс за оданочување на добивката за 2022 година или просечниот износ на даночната основа по намалување за 2021 и 2022 година и просечниот износ на даночна основа по намалување утврден во даночните биланси за оданочување на добивка за претходните периоди зголемен за 20%.

Оттука, со Законот за данок за солидарност (*) не се пропишува оданочување на добивката остварена во 2022 година. Напротив, со предметниот Закон се воведува нов, посебен данок, данок за кој е утврден обврзник за плаќање, посебна даночна основа, стапка по која ќе се пресметува и плаќа и она што е најважно, се однесува на давачка за тековната фискална година. Со самиот факт што обврската за плаќање на данокот за солидарност ќе се евидентира на товар на финансискиот резултат остварен во 2023 година, јасно укажува на тоа дека претставува давачка за истата фискална 2023 година.

Повторно се укажува дека од аспект на главната цел на законодавецот, а тоа е постигнување на солидарност и праведност, не постои посоодветен индикатор, кој би можел да биде применет како параметар за целите на пресметка на даночната основа за данокот на солидарност, освен просечниот износ на добивката остварена во претходен период, а имајќи ги предвид енормно повисоките профити остварени во кризните години споредбено со вообичаеното ниво на добивки во претходен неколку-годишен период.

Дополнително, подносителот на Иницијативата наведува дека „Законот за данок за солидарност стапи на сила на 25 септември 2023 година и произведува ретроактивно дејство, а во никој случај не предвидува поповолна позиција за граѓаните, односно во овој случај компаниите. Напротив со ретроактивното дејство

на Законот, се нарушува правната сигурност, се нарушува деловната политика, планирањето и буџетирањето на компаниите, се нарушува ликвидноста, се дестимулираат инвеститорите, се доведуваат во прашање опстојувањето, но и планирањето идни инвестиции, а со тоа директно се засегнати и граѓаните и нивните работни места во компаниите кои се опфатени со Законот."

Во однос на горенаведените наводи, а во корелација на се' погоре истакнато, повторно се потенцира дека Законот нема повратно дејство и истиот има поволно влијание за граѓаните, а со оглед на законски пропишаната намена на прибраните приходи по основ на овој закон.

Претходното ги црпи своите основи од членот 3 од Законот, каде е пропишано дека со данокот за солидарност се обезбедуваат финансиски средства кои ќе се користат за финансирање на антикризни мерки. На овој начин, се овозможува државата да прибере средства за финансирање на мерки за помош за граѓаните и правните лица, во согласност со заложбата која е преточена во гореспомената законска обврска. На тој начин, товарот од финансирање на антикризните мерки наменети за постојните пазарни субјекти и граѓани се спречува да биде пренесен на идните генерации, односно интенцијата на законот е обемните буџетски поддршки на постојните пазарни субјекти да не бидат финансирани од тековно задолжување кое ќе го враќаат идните генерации на даночни обврзници-и физички и правни лица.

Врз основа на погоре изнесените аргументи, со Законот не се доведува во прашање неговата согласност со член 54 став 4 од Уставот на Република Северна Македонија, односно со истиот не се повредува забраната за повратно дејство на законите и другите прописи.

Понатаму, подносителот на Иницијативата укажува на повреда на начелото non bis idem кое е во основата на темелната вредност на владеење на право и правната сигурност загарантирана со член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, а воедно и вградено во член 14 од Уставот на Република Северна Македонија.

По основ на овој навод, се укажува дека со Законот за данок за солидарност (*) не се пропишува двојно оданочување на добивката за 2022 година.

Со предметниот Закон се воведува нов, посебен данок, данок за кој е утврден посебен обврзник за плаќање, посебна даночна основа, посебна стапка по која ќе се пресметува и плаќа и којшто се однесува за тековната фискална година, односно за 2023 година. Оттука, данокот којшто се пропишува со овој закон во никој случај не може да се поистовети со данокот на добивка, поради што не може да стане збор за двојно оданочување за добивката за 2022 година.

Имено, согласно членот 4 од Законот за данокот на добивка („Службен весник на Република Македонија" бр.112/14, 129/15, 23/16, 190/16 , 248/18 и „Службен весник на

Република Северна Македонија“ бр.232/19, 275/19, 290/20, 151/21 и 199/23), обврзник на данокот на добивка е правно лице резидент на Република Северна Македонија кој остварува добивка од вршење на дејност во земјата и странство. Согласно членот 2, стапката на данокот на добивка изнесува 10 %.

Од друга страна, данокот за солидарност се воведува како еднократна јавна давачка за 2023 година, односно данокот се однесува за тековната фискална година (член 2). Обврзници на данокот за солидарност се сите правни лица кои ги исполнуваат законските услови за плаќање на данок за солидарност, односно кои во 2022 година оствариле вкупен приход поголем од 615.000.000 денари (член 4) и доколку во 2022 година, односно просечно во 2021 и 2022 година оствариле добивка поголема од 20% од добивката во претходните три фискални периоди (член 6). Даночната основа за овој нов, посебен вид на данок се пресметува на начин утврден во членот 6, а на вака утврдената даночна основа се применува даночна стапка во износ од 30 % (член 7).

Оттука, нема дилема дека нема поистоветување помеѓу данокот на добивка и данокот за солидарност, по основ на даночните обврзници и стапката на оданочување.

Понатаму, за разлика од данокот на добивка, за кој согласно член 7 и 8 од Законот за данокот на добивка, основа за пресметување на данокот добивката утврдена во даночниот биланс, која претставува разлика меѓу вкупните приходи и вкупните расходи на даночниот обврзник во износи утврдени согласно со прописите за сметководството и сметководствените стандарди, зголемена за непризнаените расходи и помалку искажаните приходи за даночни цели, Законот за данок за солидарност (*), предвидува и суштински различна даночна основа, каде клучен индикатор е вишокот на профит остварен како резултат на неочекувани и непредвидливи околности.

Поконкретно, а согласно членот 6 од Законот, даночната основа за пресметување на данокот за солидарност претставува позитивната разлика помеѓу износот на даночната основа по намалување утврден во даночниот биланс за оданочување на добивката за 2022 година или просечниот износ на даночната основа по намалување за 2021 и 2022 година и просечниот износ на даночна основа по намалување утврден во даночните биланси за оданочување на добивка за претходните периоди зголемен за 20%. Фактот дека предмет на оданочување со данокот за солидарност е нестандардната добивка остварена во годината на енергетска и ценовна криза, односно вишокот на добивка кој не соодвествува на редовната добивка остварена во претходни периоди, директно упатува на тоа дека со овој данок се зафаќа само оној дел од добивката кој е остварен како резултат на нестандардни пазарни услови, како што е енергетска и ценовна криза. Овој момент е виден од фактот што данокот за солидарност се утврдува исклучиво на износот на добивка, кој го надминува износот од 20% од просечнната добивка реализирана во претходен тригодишен фискален период, што најдиректно ја изразува интенцијата

на законодавецот да го оданочи исклучиво вишокот на добивка остварена во нестандардни и кризни услови.

Воедно, за целите на утврдување на данокот за солидарност, пропишани се две различни опции за пресметка на даночната основа, зависно од тоа која е поповолна за даночниот обврзник. Односно, даночната основа претставува разликата помеѓу даночната основа по намалување за 2022 година во однос на даночната основа по намалување во претходни референтни периоди, зголемена за 20%, а доколку е поповолно за даночниот обврзник, даночната основа се пресметува како разлика помеѓу просекот од даночните основи по намалување во 2022 и 2021 година. Ова е сосема различен начин на пресметување на даночната основа во однос на данокот на добивка, која пак се пресметува за точно утврден даночен период и тоа исклучиво за тековната календарска година.

Оттука, нема дилема дека нема поистоветување помеѓу данокот на добивка и данокот за солидарност, ниту по основ на даночната основа и даночниот период.

Повторно се укажува дека не постои посоодветен индикатор, кој би можел да биде применет како параметар за целите на пресметка на даночната основа за данокот на солидарност, освен износот на вишок профит над просечниот износ на добивката остварена во претходен период, а што законодавецот го земал предвид при пропишување на даночната основица во овој закон, во рамки на неговото право и слобода за уредување на даночната политика.

Идентичен индикатор за утврдување на даночната основица за данокот за солидарност е пропишан и со Регулативата (ЕУ) 2022/1854 на Советот од 6 октомври 2022 година за итна интервенција за решавање на проблемот со високите цени на енергијата, со што одредбите од Законот не отстапуваат од суштинските норми на Регулативата по однос на методологијата за пресметка на даночната основица. Притоа, единствена разлика во однос на Регулативата на Европската Унија е исклучувањето на кризната 2020 година од претходните референтни периоди, а се со цел изолирање на генерално негативните остварувања на компаниите во таа година и со тоа директно намалување на даночната основица за пресетка на данокот за солидарност, што е поповолно за даночните обврзници во земјата.

Дополнителна потврда дека со Законот се пропишува еднократна ПОСЕБНА давачка што е различна од редовниот данок на добивка е и самиот сметководствен третман на данокот за солидарност, односно обврската за данокот на солидарност ќе се евидентира како трошок во тековната 2023 година и истата ќе биде на товар на финансискиот резултат во истата 2023 година, што како суштина ја прави сосема различна давачка од редовниот данок на добивка којшто не е на товар на финанскиот резултат за ниту еден период.

Согласно претходно искажаното, се потенцира дека со Законот не се врши двојно оданочување на добивката од 2022 година и истиот е во целосна согласност со Уставот на Република Северна Македонија.

Подносителот на Иницијативата, во понатамошното излагање изнесува навод за неусогласеност на Законот со членот 52 став 3 од Уставот на Република Северна Македонија, односно истиот наведува дека членот 16 од Законот е во спротивност со член 52 став 3 од Уставот на Република Северна Македонија. Истиот поконкретно, истакнува дека „Исклучокот од членот 52 став 3, не може да се примени во конкретниот случај, бидејќи со истиот директно се задира во интересите на голем број правни и физички лица и vaccatio legis за овој закон треба да изнесува најмалку 8 дена, согласно Уставот на Република Северна Македонија, доколку повеќе што ваквиот рок соодвестувајќи на природата на законот треба да биде подолг, наместо пократок“.

Во однос на гореспоменатиот навод повторно се укажува дека Предлогот на закон за данок за солидарност (*) беше утврден на Сто шеесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, која се одржа на 11 јули 2023 година, по што веднаш беше проследен во собраниска процедура, на што претходеше целосно транспарентен процес со вклучување на сите засегнати страни. Имено, пред донесувањето на Законот, уште на крајот на 2022 година беше спроведен инклузивен консултативен процес со деловната заедница, во рамки на кој дијалог беше презентиран Нацрт-текстот на Предлогот на закон и причините за донесување на истиот. Притоа, се укажува дека голем дел од предлозите од деловната заедница кои беа упатени во рамки на овој консултативен процес беа прифатени, односно се интегрирани во финалниот текст на Законот, што само укажува на тоа дека даночните обврзници по Законот биле запознаени за основните контури на Законот.

Имајќи го предвид горенаведеното, се потенцира дека компаниите беа запознаени со Иницијативата за донесување на Законот, односно со содржината на законското решение уште во 2022 година, со што имаа можност навремено да ги планираат идните обврски во понатамошната деловна активност. Оттука, несомнено произлегува дека Законот не е неправеден спрема правните лица и по објавувањето на Законот истите немаат никакви пречки да постапат согласно законски предвидените обврски. Воедно, се напоменува дека, токму од членот 52 став 3 од Уставот на Република Северна Македонија произлегува правото за законоавецот да го уреди влегувањето во сила на законите со денот на објавување наместо на осмиот ден, како исклучок од генералното правило.

Дополнително и не помалку важно, се укажува дека рокот за поднесување на образецот „ДБ-ДС-Даночен биланс за оданочување со данок за солидарност“ беше продолжен од страна на даночниот орган до 4.10.2023 година, за што даночните обврзници се уредно известени истиот ден на објава на Законот во службеното гласило и тоа преку јавниот портал на Управата за јавни приходи и веб-страницата

на Министерството за финансии. Во рамки на дополнително продолжениот рок за поднесување на образецот „ДБ-ДС-Даночен биланс за оданочување со данок за солидарност“ и оттаму и за плаќање на данокот за солидарност, не се пресметува камата.

Врз основа на погоре наведеното, се цени дека Законот не врши повреда на начелото на објавување на законите и не ја доведува во прашање негова согласност со член 52 став 3 од Уставот на Република Северна Македонија.

По однос на последниот навод, се известува дека според се од претходно укажаното, а особено имајќи ја предвид целта на Законот и намената на прибраните приходи по основ на данокот за солидарност, на мислење сме дека не треба да се преземат дејствија за запирање на извршувањето на Законот за данокот на солидарност (*).

Имајќи го предвид сето погоре наведено, се смета дека оспорените членови 2, 3, 4, 5, 8, 14, 15 и 16 од Законот за данок за солидарност (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.199/23), како и Законот во целина се во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли предметната Иницијатива како неоснована.

## Точка 37

Владата ја разгледа Иницијативата од адвокат Игор Спировски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.183/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за данок на солидарност (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.199/23) и притоа го утврди следното мислење:

Со поднесената Иницијатива се предлага поведување постапка за оценување на уставноста на Законот за данокот за солидарност (*) (во натамошниот текст: Законот) во целина, поради тоа што подносителот смета дека „оспорениот закон, во целина, не е во согласност со член 52 став 4 (забрана на повратно дејство на законите), со член 8 став 1 алинеја 3 (владеењето на правото како темелна вредност на уставниот поредок), со член 30 (гаранцијата на правото на сопственост), со член 33 во врска со член 8 став 1 алинеја 3 и со член 55 (слобода на пазарот и претприемништвото и обезбедување на еднаква правна положба на субјектите на пазарот) од Уставот на Република Северна Македонија“.

Воедно се предлага Уставниот суд истиот да го поништи и притоа изнесува и посебен предлог „со оглед на тоа што со примената на Законот несомнено може да настанат тешко отстранливи штетни последици, предлагаме Судот, согласно член 27 од Деловникот, со посебна итност да донесе решение за запирање на извршувањето на поединечните акти и дејствија донесени, односно преземени врз основа на оспорениот закон, до донесување на конечна одлука.“

Во Иницијативата, подносителот наведува дека „со оспорениот закон, на 25 септември 2023 се пропишува дополнително оданочување на добивката остварена во 2022 година (за која е пресметан и платен данокот на добивка) ..... “.

По однос на овој навод се укажува дека со Законот за данокот за солидарност не се пропишува дополнително оданочување на добивката остварена во 2022 година.

Напротив, со предметниот Закон се воведува нов, посебен данок, данок за кој е утврден обврзник за плаќање, посебна даночна основа, стапка по која ќе се пресметува и плаќа, и она што е најважно, се однесува за давачка за тековната фискална година, односно за 2023 година.

Согласно членот 4 од Законот за данокот на добивка („Службен весник на Република Македонија“ бр.112/14, 129/15, 23/16, 190/16, 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 232/19, 275/19, 290/20, 151/21 и 199/23), обврзник на данокот на добивка е правно лице резидент на Република Северна Македонија кој остварува добивка од вршење на дејност во земјата и странство. Согласно членот 2 од истиот закон, стапката на данокот на добивка изнесува 10%, а основа за пресметување на данокот од добивка е добивката утврдена во даночниот биланс, која пак претставува разлика меѓу вкупните приходи и вкупните расходи на даночниот обврзник во износи утврдени согласно со прописите за сметководството и сметководствените стандарди (член 7). Од друга страна, со членот 2 од Законот за данокот за солидарност се уредува дека данокот за солидарност е еднократка јавна давачка за 2023 година, а обврзник на данокот за солидарност е обврзник на данокот на добивка, кој во 2022 година остварил вкупен приход поголем од 615.000.000 денари (член 4). Даночната основа за овој нов, посебен вид на данок се пресметува на начин утврден во членот 6, а на вака утврдената даночна основа се применува даночна стапка во износ од 30 % (член 7).

Понатаму, подносителот поконкретно ги наведува причините за оспорување на Законот, почнувајќи со неговата наводна неусогласеност со членот 52 став 4 и член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот.
Подносителот смета дека „централното уставноправно прашање во врска со овој закон, коешто се елаборира во оваа иницијатива е неуставноста на оспорениот закон поради неговото повратно дејство“.

Во корелација со наведеното, понатаму истакнува дека „од содржината на членот 4 и членот 6 од Законот, не може да биде спорно дека оспорениот закон има повратно дејство:-оданочивиот настан е остварувањето на добивката во 2022 година, а тоа е пред влегување во сила на Законот за данокот за солидарност(*) на 25.9.2023 година, со кој дел од таа добивка дополнително и еднократно се оданочува со 30 %. Системски, данокот на добивка на компаниите за 2022 година, според редовната стапка (10%) е искажан во билансите за таа година и платен било аконтативно било по годишна сметка, така што и книговодствено добивката за 2022 година е завршен

настан далеку пред денот на донесувањето на оспорениот закон и неговото влегување во сила.“

По однос на овие наводи се укажува дека Законот нема повратно дејство, односно не се применува на правни ситуации и односи што настанале пред нивното влегување во сила и она што е клучно оданочивиот настан не е остварувањето на добивката во 2022 година.

Напротив се истакнува дека оданочивиот настан е моментот на настанување на обврската за пресметување на данокот за солидарност. Имено, согласно член 2 став (1), а во врска со член 8 став (2) и член 14 од Законот за данок на солидарност(*), јасно и недвосмислено е уредено дека данокот за солидарност е еднократна јавна давачка за 2023 година, односно се однесува за тековната фискална година (2023 година) и притоа даночниот обврзник е должен да ја утврди посебната даночната основа на посебен образец, кој го поднесува до Управата за јавни приходи во тековната фискална година и да го плати еднократниот данок во рок од 30 дена од денот на поднесување на образецот (во тековната 2023 година).

За разлика од данокот на добивка, за кој согласно членовите 7 и 8 од Законот за данокот на добивка („Службен весник на Република Македонија“ бр.112/14, 129/15, 23/16, 190/16, 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 232/19, 275/19, 290/20, 151/21 и 199/23), основа за пресметување на данокот е добивката којашто се утврдува како разлика меѓу вкупните приходи и вкупните расходи на даночниот обврзник во износи утврдени согласно со прописите за сметководството и сметководствените стандарди, зголемена за непризнаените расходи и помалку искажаните приходи за даночни цели, Законот за данокот за солидарност(*) предвидува суштински различна даночна основа, која е заснована на вишокот на профит остварен како резултат на неочекувани и непредвидливи околности.

Поконкретно, а согласно членот 6 од Законот за данокот за солидарност(*), даночната основа за пресметување на данокот за солидарност претставува позитивната разлика помеѓу износот на даночната основа по намалување утврден во даночниот биланс за оданочување на добивката за 2022 година или просечниот износ на даночната основа по намалување за 2021 година и 2022 година и просечниот износ на даночна основа по намалување утврден во даночните биланси за оданочување на добивка за претходните периоди зголемен за 20%.

Фактот дека предмет на оданочување со данокот за солидарност е нестандардната добивка остварена во годината на енергетска и ценовна криза, односно вишокот на добивка кој не соодветствува на редовната добивка остварена во претходни периоди, директно упатува на тоа дека со овој данок се зафаќа само оној дел од добивката кој е остварен како резултат на нестандардни пазарни услови, како што е енергетска и ценовна криза. Овој момент е виден од фактот што данокот за солидарност се утврдува исклучиво на износот на добивка кој го надминува износот

од 20% од просечната добивка реализирана во претходен тригодишен фискален период, што најдиректно ја изразува интенцијата на законодавецот да го оданочи исклучиво вишокот на добивка остварена во нестандардни и кризни услови.

Воедно се укажува дека не постои посоодветен индикатор кој би можел да биде применет како параметар за целите на пресметка на даночната основа за данокот на солидарност, освен износот на вишок на профит над просечниот износ на добивката остварена во претходен период. Ова особено со оглед на целта на данокот за солидарност, а тоа е зафаќање на повисоките профити остварени во кризните години споредбено со вообичаеното ниво на добивки во претходен неколку-годишен период. Идентичен индикатор за утврдување на даночната основица за данокот за солидарност е пропишан и со спомената Регулатива (ЕУ) 2022/1854 на Советот од 6 октомври 2022 година за итна интервенција за решавање на проблемот со високите цени на енергијата.

Дополнително, наводите на подносителот се дополнуваат и во насока дека „Несомненото повратно дејство на законот може да се оправда, ако се држиме до Уставот, само ако тоа е поповолно за граѓаните. Во случајов, меѓутоа, оспорениот закон не се однесува на оданочување на граѓаните, така што невозможно е какво било повикување на тој исклучок".

Во однос на горенаведените наводи, а во насока на сето погоре наведено се потенцира дека Законот нема повратно дејство и е поповолен за граѓаните, а со оглед на законски пропишаната намена на прибраните приходи по основ на овој данок. Ова дотолку повеќе што согласно членот 3 од Законот, со данокот за солидарност се обезбедуваат финансиски средства кои ќе се користат за финансирање на антикризни мерки. На овој начин, се овозможува државата да прибере средства за финансирање на мерки за помош за граѓаните и правните лица, во согласност со заложбата која е преточена во гореспоменатата законска обврска.

Со воведување на данокот за солидарност, товарот од финансирање на анти-кризните мерки наменети за постојните пазарни субјекти и граѓани се спречува да биде пренесен на идните генерации, односно интенцијата на законот е обемните буџетски поддршки на постојните пазарни субјекти да не бидат финансирани од тековно задолжување кое ќе го враќаат идните генерации на даночни обврзници и физички и правни лица.

Ова впрочем е истакнато и во иницијативата од страна на самиот подносител кој наведува дека „Вистина е дека средствата од данокот согласно член 3 од Законот се насочуваат кон олеснување на финансиски обврски и на граѓаните (и на правни лица) во рамките на актите означени во тој член.....".

Понатаму, подносителот наведува „Дополнителното оданочување на дел од добивката остварена во 2022 година со оспорениот закон влезе во сила на 25.9.2023 година, покрај повредата на забраната на повратно дејство, но токму поради

повратното дејство претставува очигледна и груба повреда на правната сигурност и легитимните очекувања на овие обврзници, односно повреда на владеењето на правото.“

Во однос на овој навод, се смета дека Законот не само што нема повратно дејство, туку истиот во целост е во согласност со членот 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, односно не го нарушува темелниот принцип на владеење на правото, ниту предизвикува правна несигурност. Ова оттаму што, Законот е донесен во фискалната година за којашто и се однесува, а тоа е тековната 2023 година. Се нагласува, дека станува збор за воведување на нов, посебен, еднократен данок за 2023 година, кој во никој случај не претставува дополнителен данок на добивката остварена во 2022 година.

Се потенцира дека донесувањето на Законот е реализирано во целосно транспарентен процес со вклучување на сите засегнати страни. Имено, пред донесувањето на Законот, на крајот на 2022 година беше спроведен инклузивен консултативен процес со деловната заедница, во рамки на кој дијалог беше презентиран нацрт текстот на предлогот на законот и причините за донесување на истиот. Притоа, се укажува дека голем дел од предлозите од деловната заедница кои беа упатени во рамки на овој консултативен процес беа прифатени, односно се интегрирани во финалниот текст на Законот.

На овој начин, компаниите беа запознаени со иницијативата на Владата на Република Северна Македонија за донесување на Законот уште во 2022 година, односно со содржината на законското решение, со што имаа можност навремено да ги планираат идните обврски во понатамошното деловно работење.

Дополнително, и не помалку важно, се укажува дека рокот за поднесување на образецот „ДБ-ДС-Даночен биланс за оданочување со данок за солидарност“ беше продолжен од страна на даночниот орган до 4.10.2023 година, за што даночните обврзници се уредно известени истиот ден на објава на Законот во службеното гласило, и тоа преку јавниот портал на Министерство за финансии-Управа за јавни приходи на Република Северна Македонија и веб-страницата на Министерството за финансии. Во рамки на дополнително продолжениот рок за поднесување на образецот „ДБ-ДС-Даночен биланс за оданочување со данок за солидарност“ и оттаму и за плаќање на данокот за солидарност, не се пресметува камата.

Врз основа на се погоре наведено, предметниот Закон не го доведува прашањето за негова согласност со член 54 став 4 и член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, односно истиот е во потполна согласност со наведените одредби од Уставот на Република Северна Македонија.

Подносителот продолжува со изнесување на наводи за наводна несогласност на Законот со членот 33 во врска со член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија.

Се истакнува дека „Јавните давачки мора да бидат определени според јасен критериум врз основа на кој се одредува јавната давачка и категориите на лица (правни лица) што потпаѓаат под поимот „секој“ од Уставот кој имаат должност да ја платат јавната давачка. Кога се работи за воведување на исклучителни наменски јавни давачки (по правило данокот е општонаменски) што таргетираат ограничен број на обврзници (по правило данокот е општ), како во случајов, нивното воведување мора да биде во согласно со целите коишто треба да се постигнат.“

Во однос на овие наводи, се укажува дека согласно член 33 од Уставот на Република Северна Македонија секој е должен да плаќа данок и други јавни давачки и да учествува во намирување на јавните расходи на начин утврден со закон.

Од цитираната уставна одредба, јасно и недвосмислено произлегува дека начинот на плаќање на данокот и другите јавни давачки се утврдува со закон.

Оттука, законодавецот е независен во изборот на даночните мерки и притоа е должен да ги почитува принципите на правичност, еднаквост и пропорционалност, на кои принципи, се заснова и Законот за солидарност(*) (член 2). Тоа значи дека даночните обврски мора да се утврдат и распределат на даночните обврзници на начин што ќе бидат сразмерни на економската моќ на даночните обврзници, односно во согласност со барањето за еднаква распределба на даночното оптоварување.

Понатаму, решенијата предвидени во Законот се во целосна согласност со целта која што треба да се постигне, а тоа е надминување на пазарната дисторзија и редистрибуција на товарот од негативните последици од кризата врз компаниите со најголема економска моќ, на начин што ќе обезбеди секој да учествува во намирувањето на јавните расходи во согласност со своите економски можности и на солидарен начин да придонесе за ублажување на последиците од ценовната и енергетската криза преку издвојување на дел од профитот за антикризни мерки.

Поаѓајќи од целта на Законот, во истиот јасно се утврдени даночните обврзници, а врз основа на детални анализи кои ја вклучуваат и класификацијата на трговците во Законот за трговските друштва. Имено, и самиот Закон за трговските друштва утврдува поригорозни правила и норми за работа и известување од страна на големите трговци, кои се категоризирани меѓу другото и според висината на годишен приход кој изнесува над 10 милиони евра, токму како резултат на нивната поголема економска и пазарна моќ споредбено со средните и малите трговци.

Оттука, произлегува и интенцијата на законодавецот за примена на данокот за солидарност врз големите трговци, кои согласно својата финансиска, институционална и пазарна моќ, односно економските потенцијали, имаат можност најмногу да придонесат за остварување на целта на Законот, односно на солидарен начин да учествуваат во ублажување на последиците од ценовната и

енергетската криза преку издвојување на дел од вишокот на профит за финансирање на антикризните мерки наменети за правните лица и граѓаните.

Притоа, важно е да се напомене дека од почетокот на здравствената криза во 2020 година, преку осумте пакети на антикризни мерки кои вклучуваат директна буџетска поддршка и намалени или укинати даночни давачки, издвоени се околу 120 милијарди денари за поддршка на стопанството, најранливите категории на граѓани (пензионери, граѓани корисници на социјална помош, граѓани со посебни потреби, самохрани родители, домаќинства со ниски приходи итн.), и младите лица (ученици и студенти), за надминување на негативните последици од последователните кризи.

Притоа, само во 2022 година, за справување со енергетската и инфлаторната криза, донесени се повеќе антикризни мерки во делот на оданочувањето, и тоа: намалена е стапката на ДДВ од 18% на 5% за испорака на електрична енергија за домаќинствата, која мерка, преку примена на повластена стапка од 10% продолжи да се применува и во првата половина од 2023 година; воведено е ослободување од ДДВ при увозот на природен гас, електрична енергија, топлинска енергија или енергија за разладување со воедно пропишување на механизмот за пренесување на даночниот долг кон примателот на прометот на овие енергенти преку системите за пренос; намалена е стапката на ДДВ од 18% на 10% за прометот со енергенти (безоловен бензин, гасно масло, течен нафтен гас (ТНГ) и метан); укинато е оданочувањето со ДДВ на прометот со основни прехранбени производи; како и воведена е намалувачка акциза на енергенти во случај на енормен раст на цената на енергентите на светските берзи. Само за овие антикризни мерки во сегментот на оданочување, државата се откажа од прибирање на 4.4 милијарди денари на приходи по основ на даноци.

Сите горенаведени даночни антикризни мерки беа преземени со цел да се олесни товарот на негативните последици од кризи за компаниите и граѓаните, со што со Законот се овозможува балансирање помеѓу буџетската поддршка наменета за компаниите и придобивките на самите претприемачи во однос на општеството во целина.

Понатаму, во рамки на Иницијативата подносителот укажува дека за разлика од солидарниот придонес кој што е воведен со Регулативата на Советот (ЕУ) 2022/1854 од 6 октомври 2022 година за итна интервенција за решавање на проблемот со високите цени на енергијата и кој се однесува за енормните профити на компаниите со дејности во секторите сурова нафта, природен гас, јаглен и рафинерии за производство на деривати, остварен како резултат на непредвидливите настани на енергетските пазари и кој екстра профит може да претставува легитимна основа за учество на ваквите компании во покривањето на субвенциите за ублажување на положбата на силно погодените субјекти, Законот „иако се повикува на означената Регулатива на Европската Унија, воопшто не

содржи таква идентификација на легитимен основ за воведување на данокот за солидарност за компаниите што се обврзници на овој данок.“

Воедно, предлагачот на Иницијативата изнесува дека „...без посебната идентификација на енормните профити во секторите на енергетиката како основ за посебно дополнително оданочување токму на тие профити, овој закон останува без легитимна основа и се покажува како обичен закон за дополнително (ако сакате: двојно, а секако ретроактивно) оданочување на добивката од 2022 година за оние компании коишто оствариле одредено ниво на успешност од редовното работење.“

Во однос на овие наводи, се укажува дека со Законот се врши усогласување со Регулативата на Советот (ЕУ) 2022/1854, донесена токму заради ублажување на последиците од енергетската криза. Во рамки на споменатата Регулатива на Европската Унија е предвидено воведување на придонес за солидарност (како што и е наведено од страна на подносителот на Иницијативата), кој што треба да делува како прераспределувачка мерка за да се осигура дека компаниите кои оствариле вишок на профит како резултат на неочекувани околности, пропорционално придонесуваат за ублажување на енергетската криза на внатрешниот пазар. Уште еднаш се истакнува дека јасно артикулираната цел на Законот е надминување на пазарната дисторзија и редистрибуција на товарот од негативните последици од кризата врз компаниите со најголема економска моќ, на начин што ќе обезбеди секој да учествува во намирувањето на јавните расходи во согласност со своите економски можности и на солидарен начин да придонесе за ублажување на последиците од ценовната и енергетската криза преку издвојување на дел од профитот за антикризни мерки. Оттука, целта на Законот не отстапува од целта на предметната Регулатива на Европската Унија.

Воедно, за остварување на целта на Регулативата, а имајќи ја предвид структурата на пазарот и отсуството на значителен број на компании од енергетскиот сектор во Република Северна Македонија, по извршени длабински анализи на финансиските остварувања на компаниите во различни индустрии, законодавецот одлучи данокот за солидарност да важи за сите даночни обврзници во земјата кои ги исполнуваат условите предвидени во Законот, а не само за даночните обврзници од енергетскиот сектор.

Ваквата пракса е присутна и во останати земји-членки на Европската Унија. Имено, водени од целите на Регулативата на Европската Унија, дел од земјите членки на Европската Унија пристапија кон воведување на дополнителни еднократни давачки за субјектите од енергетскиот сектор, додека пак дел од нив предвидоа проширен опфат на секторите на кои истата се применува преку воведување на вакви давачки и за компании од други дејности (Хрватска, Унгарија, Шпанија и други), а како што е случајот и со Република Северна Македонија. Оттука, праксата на проширен опфат на секторите врз кои се применува оваа давачка не е присутна

само во Република Северна Македонија и горенаведените аргументи го легитимираат основот за воведување на данокот за солидарност.
Понатаму, подносителот укажува дека „Оданочувањето со овој дополнителен данок на добивка само на компании што во 2022 година оствариле вкупен приход на 615.000.000 денари, според тоа, е во директна противречност со принципите на овој закон од членот 2 во врска со член 33 од Уставот“.

Во однос на овој навод, повторно се напоменува дека Законот со којшто се пропишува данокот за солидарност како посебен данок (а не дополнителен данок на добивка), е во согласност со принципите од членот 2 од Законот, а во врска со членот 33 од Уставот на Република Северна Македонија, од причина што ги опфаќа компаниите што имаат најголема економска моќ, а и како резултат на едно поширокото начело, а тоа е начелото за општествената одговорност.

Наведеното начело треба да се разгледува низ призмата дека во услови на криза, компаниите со најголема економска моќ, а коишто оствариле значително зголемени добивки во однос на претходни референтни периоди, се во најповолна позиција да придонесат кон амортизирање на последиците од кризата.

Кон ова начело се надоврзуваат и принципите установени во членот 2 од Законот, согласно кои секој треба да учествува во намирувањето на јавните расходи во согласност со своите економски можности. Токму условувањето на предвидување на обврската на СЕКОЈ онака како што е установена во членот 33 од Уставот на Република Северна Македонија, а потоа уредена во членот 2 од Законот, треба да се разгледува низ призмата на принципите кои што се јасно идентификувани во Законот и во неговата цел и причините за донесување.

Подносителот на Иницијативата изнесува и дека „Означената регулатива, се разбира, сама по себе не е критериум на уставноста на оспорениот закон, но таа многу јасно покажува дека нашиот законодавец противречно се повикува на тоа дека оспорениот закон се донесува заради усогласување со таа регулатива, а законските решенија немаат врска со суштинските норми на Регулатива на Европската Унија“.

Дополнително, изнесува и дека Законот „.....дури и се повикува на справување со Covid-19 кризата, иако пандемијата е веќе одамна официјално завршена“.

Во однос на горенаведените наводи, се истакнува дека Законот е усогласен со основните елементи на предметната Регулатива, и тоа во поглед на целите за воведување на данокот за солидарност, намената на прибраните средства, концептот на методологијата за пресметка на даночната основа, условите за примена и принципите уредени во истата, и оттука истиот, спротивно на наводите на подносителот, не е во спротивност со суштинските норми од Регулативата.

Имено, согласно членот 3 од Законот, со данокот за солидарност се обезбедуваат финансиски средства кои ќе се користат за финансирање на Потпрограмата П 1-Мерки за справување со Ковид-19 кризата и други антикризни мерки, во раздел 040.01-Влада на Република Северна Македонија, а преку која Потпрограма се финансираат исклучиво мерки за справување со последиците од енергетската и инфлациската криза. Со ова се потврдува во целост истоветноста на целите на Законот и строго утврдената намена на прибраните приходи по основ на овој данок, во однос на Регулативата.

Спротивно на наведеното во Иницијативата, одредбите од Законот не отстапуваат од суштинските норми на Регулативата ниту по однос на методологијата за пресметка на даночната основица. Имено, идентично како и во Регулативата, даночната основица согласно Законот се утврдува на начин што од остварената добивка во 2022 година се одзема просечниот износ на добивката остварена во претходни рефентни периоди, зголемен за 20%. Притоа, единственото отстапување во однос на Регулативата е исклучувањето на кризната 2020 година од претходните референтни периоди, а кое изземање има за цел изолирање на генерално негативните остварувања на компаниите во таа година. Со тоа, законодавецот овозможил намалување на даночната основица за пресметка на данокот за солидарност и со тоа утврдување на понизок износ на данок, а што е поповолно за даночните обврзници во земјата.

Врз основа на погоре изнесените аргументи, предметниот Закон не ја доведува во прашање неговата согласност со член 33, а во врска со член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, односно истиот е во потполна согласност со наведените одредби од Уставот.

Подносителот продолжува со изнесување на наводи за наводна несогласност на Законот со членовите 30 и 55 од Уставот на Република Северна Македонија.

Имено, со членот 30 од Уставот на Република Северна Македонија се гарантира правото на сопственост и правото на наследување. Сопственоста создава права и обврски и треба да служи за добро на поединецот и на заедницата. Никому не можат да му бидат одземени или ограничени сопственоста и правата кои произлегуваат од неа, освен кога се работи за јавен интерес утврден со закон. Во случај на експропријација на сопственоста или во случај на ограничување на сопственоста се гарантира праведен надомест кој не може да биде понизок од пазарната вредност.

Подносителот наведува дека „Не е спорно дека наметнувањето на даночни обврски со оспорениот закон претставува одземање на сопственоста, односно имотот на компаниите обврзници во рамките на значењето на член 30 од Уставот на Република Северна Македонија“.

Дополнително наведува и дека „Со оглед на тоа што Законот има повратно дејство што е забрането со член 52 став 4 од Уставот, а тоа не може да се дозволи по исклучок затоа што не е поповолно за граѓаните, безпредметно е да се аргументира дали одземањето на сопственоста може да се оправда според критериумите на членот 30 од Уставот.“

Понатаму истакнува и дека „...дури и да се апстрахираме од ретроактивноста .... одземањето на сопственоста на обврзниците на овој данок не може да се оцени како пропорционално со оглед на тоа што законот товарот на „солидарноста“ го става само врз компаниите со највисоки приходи, иако во член 2 како негова основа најобопштено ги идентификува „непредвидливите и неповолни економски околности“ (а не екстра приходи) и го заснова тој данок врз „принципите на правичност, еднаквост и пропорционалност“.

Исто така наведува дека „со определување само на компаниите со вкупен приход над 615.000.000 денари во 2022 година, како обврзници на овој данок и со исклучување на сите други со понизок, а кои остваруваат добивка, на овие компании со Законот им е наметнат прекумерен и непропорционален товар за целосно обезбедување на средства од данокот за солидарност, што го нарушува фер балансот помеѓу различните интереси и принципите утврдени во самиот закон и не може да го оправда одземањето на сопственоста.“

Во однос на наведените наводи, се истакнува дека Законот нема повратно дејство, затоа што со истиот се воведува нов, посебен данок, данок за кој е утврден обврзник за плаќање, посебна даночна основа, стапка по која ќе се пресметува и плаќа, и она што е најважно, се однесува за давачка за тековната фискална година, односно за 2023 година.

Донесувањето на Законот е од општ интерес за сите граѓани и преку истиот се овозможува надминување на пазарната дисторзија и редистрибуција на товарот од негативните последици од кризата врз компаниите со најголема економска моќ, на начин што ќе обезбеди секој да учествува во намирувањето на јавните расходи во согласност со своите економски можности и на солидарен начин да придонесе за ублажување на последиците од ценовната и енергетската криза преку издвојување на дел од профитот за антикризни мерки.

Поаѓајќи од целта на Законот, во истиот јасно се утврдени даночните обврзници на кои истиот се однесува, а како резултат на детални анализи законодавецот го искористил своето право за креирање на даночна политика во насока на членот 33 од Уставот на Република Северна Македонија.

Имено, согласно и претходно наведеното, интенцијата на законодавецот е примена на данокот за солидарност врз големите трговци, кои согласно својата финансиска, институционална и пазарна моќ, односно економските потенцијали, имаат можност најмногу да придонесат за остварување на целта на Законот, односно на

солидарен начин да учествуваат во ублажување на последиците од ценовната и енергетската криза преку издвојување на дел од вишокот на профит за финансирање на антикризните мерки наменети за правните лица и граѓаните.

Понатака, предлагачот изнесува и дека „изнесените аргументи водат и кон очигледниот заклучок дека оспорениот закон со своите ефекти ги повредува гаранциите за слободата на пазарот и претприемништвото и еднаква положба на субјектите на пазарот од член 55 од Уставот.“

Воедно, истакнува дека „... оспорениот закон не е во согласно со членот 55 од Уставот како од гледиште на слободата на пазарот и претприемништвото, имајќи го предвид ограничувачкиот ефект на законот врз деловната активност на обврзниците на данокот, така и од гледиште на еднаквата положба на субјектите на пазарот...“.

Во однос на горенаведените наводи, се потенцира дека компаниите беа запознаени со иницијативата за донесување на Законот уште во 2022 година, односно со содржината на законското решение, со што имаа можност навремено да ги планираат идните обврски во понатамошната деловна активност. Од ова несомнено произлегува дека законот нема ограничувачки ефект врз деловната активност на обврзниците на данокот со оглед на тоа дека компаниите биле запознаени со предлог законското решение. Што се однесува на наводите за еднаквата положба на субјектите на пазарот, повторно напоменуваме дека законодавецот се одлучи данокот за солидарност да се применува на обврзници на данокот на добивка со вкупен приход над 615.000.000 денари како резултат на детални анализи и користејќи го правото за креирање на даночна политика, а во согласност со нивната поголема економска и пазарна моќ споредбено со средните и малите трговци.

Дополнително, подносителот на Иницијативата истакнува дека „...последиците од ваков непредвидлив закон со повратно дејство, ако остане во правниот поредок, во принцип се погубни за економијата на земјата, за атрактивноста за инвестирањето во неа и за водење на бизнис... “.

Во однос на горенаведениот навод, се истакнува дека ниските даночни стапки и низата постојни даночни поволности за инвестирање ја карактеризираат земјата како атрактивна дестинација за инвестирање и водење на бизнис.

Врз основа горенаведеното, предметниот Закон не ја доведува во прашање неговата согласност со членовите 30 и 55 од Уставот на Република Северна Македонија, односно истиот е во потполна согласност со наведените одредби од Уставот на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека Законот за данокот за солидарност (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 199/23), е во согласност со одредбите од Уставот на

Република Северна Македонија и му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли предметната Иницијатива, како неоснована.

## Точка 38

Владата ја разгледа Иницијативата од Трајче Китановски и Влатко Китановски, адвокати од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.109/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 4-а став (6) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/21, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/24, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22 и 111/23) и притоа го утврди следното мислење:

Со горенаведената Иницијатива подносителите на истата бараат Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оцена на уставноста на член 4-а став (6) од Законот за градење од причина што оваа одредба била во спротивност со член 55 од Уставот на Република Северна Македонија.

Подносителите на Иницијативата сметаат дека наведената одредба на индиректен и суптилен начин ја ограничувала слободата на пазарот, слободата на конкуренцијата и претприемништвото, а со тоа што со истата било кажано дека висината на надоместокот за мислењето се утврдува во ценовник кој го донесува субјектот кој врши научноистражувачка дејност по претходна согласност на Владата, практично се имплицирало дека мислење за проектираниот и изведен степен на механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита може да даде само субјект-научен институт кој е основан од Владата на Република Северна Македонија. Ваквата одредба јасно и недвосмислено ја ограничувала слободата на пазарот и претприемништвото кои како такви биле дадени во членот 55 од Уставот на Република Северна Македонија, а исто така ја ограничувала и конкуренцијата, а правните субјекти ги ставала во нерамноправна положба.

Со член 55 став (1) од Уставот, се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото, според ставот (2) на овој член Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот и презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот, а согласно ставот (3) на овој член слободата на пазарот и претприемништвото можат да се ограничат со закон единствено заради одбраната на Републиката, зачувувањето на природата, животната средина или здравјето на луѓето.

Членот 4-а од Законот за градење гласи:

„(1) За утврдување на исполнетоста на условите од член 4 на овој закон потребно е да се обезбеди позитивно мислење за проектираниот и изведениот степен на механичка отпорност, стабилност и сезимичка заштита на градбата , од страна на

субјект кој врши научноистражувачка дејност-научен институт специјализиран во областа на заштита на градби од сеизмички влијанија. Мислењето за проектираниот и изведениот степен на механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита на градбата се обезбедува само за градбите за кои согласно прописите за проектирање, основниот проект треба да содржи градежно конструктивен проект.

(2) Мислењето за проектираниот степен на механичка отпорност, стабилност и сезимичка заштита на градбата се однесува на градежно-конструктивниот проект кој е составен дел на основниот проект и се приложува од страна на инвеститорот со барањето за добивање на одобрение за градење, а за градбите од стратешки интерес мислењето се обезбедува од страна на инвеститорот пред започнувањето со изградба на градбата и истото е составен дел на основниот проект.

(3) Субјектот кој врши научно истражувачка дејност-научен институт специјализиран во областа на заштита на градби од сеизмички влијанија е должен мислењето за проектираниот степен на механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита на градби со бруто развиена површина до 5000 м2 да му го издаде на инвеститорот во рок од 15 дена од приемот на барањето, односно во рок од 30 дена за градби со бруто развиена површина над 5000 м2 и за лински инфраструктурни објекти, во спротивно се смета дека мислењето е позитивно, а ако во иднина поради непостапувањето настанат штети, обврската за надомест на штета ќе биде на товар на субјектот кој врши научноистражувачка дејност.

(4) Мислењето за изведениот степен на механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита на градбата се обезбедува од страна на изведувачот во текот на изградбата и по изградба на целиот конструктивен систем на градбата.

(5) За градби наменети за индивидуално домување со бруто развиена површина до 300 м2 не е задолжително мислење за изведениот степен на механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита на градбата.

(6) Висината на надоместокот за мислењето за проектираниот и изведениот степен на механичка отпорност, стабилност и сеизмички заштита се утврдува во ценовник кој го донесува субјектот кој врши научноистражувачка дејност-научен институт специјализиран во областа на заштита на градби од сеизмички влијанија, по претходна согласност на Владата на Република Северна Македонија и истиот се објавува во Службен весник на Република Северна Македонија.

(7) Висината на надоместокот од ставот (6) на овој член се утврдува според нивото на сеизмичка заштита, вид и категоризацијата на градбата, сеизмичката зона во која се наоѓа градбата, материјалот од кој е изведен основниот конструктивен систем на градбата, сложеноста на конструктивниот систем на градбата, пресметковната површина, должината и висината на градбата.

(8) Доколку по завршувањето со изградбата и ставањето во употреба на градбата дојде до оштетување на градбата поради неисполнетост на условите за механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита на градбата, обврската за надомест на штета ќе биде на товар на субјектот кој врши научноистражувачка дејност.

(9) Субјектот од став (1) на овој член не може да врши изработка на проектна документација, ревизија на проектна документација, изведување на градби и надзор над изградбата.

(10) Формата и елементите кои треба да ги содржи мислењето за проектираниот и изведениот степен на механичка отпорност, стабилност и сезимичка заштита на градбата го пропишува министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работите за уредување на просторот.".

Со наведената одредба е пропишано дека заради утврдување на исполнетоста на условите за механичка отпорност, стабилност и сезимичка заштита на градбата потребно е да се обезбеди позитивно мислење за проектираниот и изведениот степен на механичка отпорност, стабилност и сезимичка заштита на градбата, од страна на субјект кој врши научноистражувачка дејност-научен институт специјализиран во областа на заштита на градби од сеизмички влијанија.

Со членот 4-а став (6) од Законот кој е предмет на Иницијативата, се предвидува дека висината на надоместокот за мислењето за проектираниот и изведениот степен на механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита се утврдува во Ценовник кој го донесува субјектот кој врши научноистражувачка дејност-научен институт специјализиран во областа на заштита на градби од сеизмички влијанија, по претходна согласност на Владата на Република Северна Македонија и истиот се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Согласно наведеното, со членот 4-а став (6) од Законот за градење од страна на Владата на Република Северна Македонија не се утврдува субјектот кој би можел да дава мислење за исполнетоста на условите за механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита на градбата, туку се дава согласност за висината на надоместокот за мислењето за проектираниот и изведениот степен на механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита, при што со оваа одредба од Законот за градење се пропишуваат обврската и начинот за донесување на Ценовникот за висината на надоместокот за мислењето за проектираниот и изведениот степен на механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита од страна на субјект кој врши научноистражувачка дејност-научен институт специјализиран во областа на заштита на градби од сеизмички влијанија.

Исто така, се укажува дека Уставниот суд на Република Северна Македонија постапувајќи по претходно поднесени иницијативи, веќе се има произнесено за уставноста на членот 4-а од Законот за градење (У.бр.21/2016 и У.бр.131/2016).

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на член 4-а став (6) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/21, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/24, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22 и 111/23).

**Точка 39**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Хакија Чоловиќ од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.7008, за КО Драчево 2, на КП бр.2562, викано место/улица „Локва“ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски, како и негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Јасмина Радончиќ од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.4922 за КО Сингелиќ 1, на КП бр.2628, викано место/улица „Т.Китанчев“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Николина Јакимоска од Битола за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.13837, за КО Битола 1/2, на КП бр.17932/4, викано место/улица „Стрчин“ и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски, како и негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Катерина Митревска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.686, за КО Петровец, на КП бр.583/2 викано место/улица „Монопол“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 43**

1. Владата го разреши Љупчо Аврамовски од должноста истражител на Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти, на негово барање, заклучно со 7 декември 2023 година.

2. Владата го разреши Никица Бачовски од должноста вршител на должноста директор на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

2.1 Владата го именува Никица Бачовски за директор на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

3. Владата го разреши Стефан Богоев од должноста вршител на должноста директор на Царинската управа, орган во состав на Министерството за финансии.

3.1 Владата го именува Стефан Богоев за директор на Царинската управа, орган во состав на Министерството за финансии и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

4. Владата го разреши Александар Бузлевски од должноста вршител на должноста директор на Јавната установа Национален парк Галичица, Охрид.

4.1 Владата го именува Александар Бузлевски за директор на Јавната установа Национален парк Галичица, Охрид.

5. Владата ја разреши Едис Јамаковска од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на Државниот студентски дом „Браќа Миладиновци“ во Штип на нејзино барање.

5.1 Владата ја именува Менка Мишовска за член на Управниот одбор-претставник на основачот на Државниот студентски дом „Браќа Миладиновци“ во Штип.

6. Владата го именува Горан Митановски за член на Управниот одбор на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија.

7. Владата од должноста членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа, Радовиш, поради истек на мандатот ги разреши:

- Игор Ефтимов и
- Савка Лазарова

7.1 Владата за членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа, Радовиш ги именува:

претставници на основачот
- Игор Ефтимов и
- Нина Иванова

стручен работник од Центарот за социјална работа

- Роберт Донев

8. Владата од должноста членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом-Виница поради истек на мандатот ги разреши:

- Александар Костадинов и
- Јордан Кацарски

8.1 Владата за членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом-Виница ги именува:

- Зоран Стоименов и
- Маја Наскова

9. Владата го разреши Галаб Мартиновски од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта-Скопје, поради истек на мандатот.

9.1 Владата го именува Александар Ружин за вршител на должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта-Скопје.

10. Владата го именува Денис Мемишов за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Клиничка болница-Штип.

11. Владата го разреши Сенад Бајрамовски од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Центар за јавно здравје-Скопје, поради истек на мандатот.

11.1 Владата го именува Севдаир Азири за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Центар за јавно здравје-Скопје.

12. Владата го разреши Петар Кузмановски од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа, Прилеп, на негово барање.

12.1 Владата го именува Стефан Андреески за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа, Прилеп.

13. Владата ја разреши Билјана Казанџиска од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Центар за јавно здравје-Штип.

13.1 Владата ја именува Елена Мишовска за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Центар за јавно здравје-Штип.

14. Владата го разреши Роберт Диковски од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија.

14.1 Владата го именува Петар Гроздановски за член на Управниот одбор на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија, на предлог од Министерството за економија.

15. Владата за вршители на должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица“-Пробиштип ги именува:

- Тони Геров
- Марија Петковска и
- Бојан Максимов

16. Владата ја разреши Кристина Пеповска од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности.

16.1 Владата го именува Недим Цаноски за член на Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности, на предлог од Министерството за правда.

17. Владата од должноста вршители на должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со објектите за спорт во сопственост на Република Северна Македонија, поради истек на мандатот ги разреши:

- Момчило Лазаревски и
- Јован Настевски

17.1 Владата за вршители на должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со објектите за спорт во сопственост на Република Северна Македонија ги именува:

- Бобан Ацевски и
- Сања Витанова Пецанова.

<u>Точка 44</u>

**1.** Владата го донесе Решението за формирање Комисија за вршење на подготовки за почеток со работа на Јавна научна установа-Институт за интелектуална сопственост.

**2.** Владата го разгледа Барањето од Управата за јавни приходи, за користење простор на НУ Филхармонија на Република Северна Македонија, го прифати Барањето и заклучи НУ Филхармонија на Република Северна Македонија да го отстапи просторот на користење на Управата за јавни приходи, на 1 декември 2023

година, во период од 17 часот до 23 часот, за организирање на свечен настан по повод „Св. Матеј-Денот на даночните работници“.

**3.** Владата по повод активностите за организирање на министерскиот совет на ОБСЕ, во повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ во Скопје го разгледа предлогот за склучување на договор за снабдување со топлинска енергија на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ и притоа заклучи:

1) Се задолжува Министерството за надворешни работи да склучи договор за снабдување со топлинска енергија со ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје и Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје.

2) Се задолжува Министерството за надворешни работи да ги покрие трошоците за пуштање во употреба на потстаницата, која е претходно пломбирана, за испорачаната топлинска енергија од истата потстаница и тоа од денот на приклучување на системот на централно греење до денот на прописно исклучување.

**4.** Владата го разгледа и прифати Барањето на согласност за јавна набавка на комерцијално возило, од Општинска детска јавна установа-Детска градинка „23 Август“-Берово, имајќи го предвид позитивното Мислење на Министерството за труд и социјална политика.

<u>Точка 45</u>

Владата ја разгледа Информацијата за реализираниот проект за користење услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за лето 2023 година, како материјал за информирање.

<u>Точка 46</u>

Владата го разгледа Извештајот за реализирани активности за 2022 година од Националната стратегија за развој на концептот едно општество за сите и интеркултурализам, како материјал за информирање.

<u>Точка 47</u>

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта за периодот јануари-март 2023 година, како материјал за информирање.

## Точка 48

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче-Велес за периодот јули-септември 2023 година, како материјал за информирање.

## Точка 49

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје за периодот јануари-март 2023 година, како материјал за информирање.

## Точка 50

Владата ја разгледа Информацијата за одземање на одобрението за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија, транспорт и услуги Ф&М 2017 ДОО експорт-импорт, с. Врапчиште, Гостивар, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија, транспорт и услуги Ф&М 2017 ДОО експорт-импорт, с. Врапчиште, Гостивар.

## Точка 51

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на билатералниот договор помеѓу Европската Унија и Владата на Република Северна Македонија за ко-финансирање на големиот инвестициски проект за отпадни води во агломерацијата на Тетово, со текст на Билатералени договор и ја усвои со следниве заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1. Го прифати текстот на Билатералниот договор помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија за кофинансирање на големиот проект „Инвестициски проект за отпадни води во агломерацијата на Тетово“ во рамките на Инструментот за претпристапна помош II (ИПА II).

2. Се определува Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Билатералниот договор помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија за кофинансирање на големиот проект „Инвестициски проект за отпадни води во агломерацијата на Тетово“ во рамките на Инструментот за претпристапна помош II (ИПА II).

**Точка 52**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија во Меѓународниот центар за донации во рамките на стратегиската група за поддршка на Украина во Визбаден, Сојузна Република Германија.

**Точка 53**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 7 ноември 2023 година до 13 ноември 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 54**

Владата ја разгледа и усвои Информацијата за економски мерки за справување со продолжените ефекти од енергетската и ценовната криза (ноември 2023 година).

**Точка 55**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со усвојување/одобрување на Заедничка декларација (Joint Declaration) за целите на Инвестициската платформа за праведна транзиција на Северна Македонија за потпишување во рамките на COP28, со Заедничка декларација, ја усвои и го определи министерот за економија, во име на Владата на Република Северна Македонија, да ја потпише Заедничката декларација за инвестициската платформа за праведна енергетска транзиција на Северна Македонија, во рамките на претстојниот настан на COP28 од 1 до 6 декември 2023 година.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Меморандум за меѓународна развојна соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Словенија за периодот 2023-2024 година, со усогласен текст на Меморандум (врска со архивски бр.41-11685/1) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за меѓународна развојна соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Словенија за периодот 2023-2024 година.

2. Се определува м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и национален ИПА координатор, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Меморандумот за меѓународна развојна соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Словенија за периодот 2023-2024 година.

## Точка 57

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Спогодба за финансирање за Програмата за соработка „(ИНТЕРЕГ 6-А) ИПА Северна Македонија-Грција", со усогласен текст на Спогодба и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Спогодбата за финансирање за Програмата за соработка „(ИНТЕРЕГ 6-А) ИПА Северна Македонија-Грција".

2. Се определува м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и национален ИПА координатор, во име на Владата на Република Северна Македонија, да ја потпише Спогодбата за финансирање за Програмата за соработка „(ИНТЕРЕГ 6-А) ИПА Северна Македонија-Грција".

3. Се задолжува Министерството за локална самоуправа да го планира и предвиди износот на буџетски средства потребни за национално кофинансирање, за Програмата за соработка „(ИНТЕРЕГ 6-А) ИПА Северна Македонија-Грција", во рамки на максимално утврдените лимити на расходи со Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните години и во согласност со динамиката на спроведување на проектите финансирани во рамки на оваа програма.

## Точка 58

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 9 ноември 2023 година до 15 ноември 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 59**

Владата ја разгледа Информацијата за имплементација на мерката за помош во рамките на Европскиот мировен фонд-ЕМФ, во поддршка на градењето на капацитетите на Армијата на Република Северна Македонија, со усогласен текст на Меморандум за разбирање помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и ИТФ организација за унапредување на човековата безбедност Република Словенија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и ИТФ организацијата за унапредување на човековата безбедност Република Словенија.

2. Се овластува Славјанка Петровска, министер за одбрана, да го потпише Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и ИТФ организацијата за унапредување на човековата безбедност Република Словенија.

3. Се задолжува Министерството за одбрана, по реализацијата на Меморандумот, односно доставата на целокупната опрема и нејзиното распоредување во ЛПБГ на Армијата на Република Северна Македонија, да ја инфомира Владата за спроведениот процес и за донираната опрема, најдоцна до декември 2026 година.

**Точка 60**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Здружението на самостојни уметници со инвалидитет Иднина на традицијата-Ресен.

**Точка 61**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за пренесување на правото на реконструкција, доградба и надградба на објектот Универзална сала во Скопје за наредна седница на Владата.

**Точка 62**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Град Скопје.

**Точка 63**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од итно надминување на констатираните слабости од Банката за развој на Советот на Европа во КПД Идризово, со цел продолжување на проектот „Реконструкција на казнено-

поправните установи во Република Северна Македонија", со Акциски план и притоа заклучи:

1. Го прифати Акцискиот план за итно надминување на констатираните слабости од Банката за развој на Советот на Европа во КПД Идризово, со цел продолжување на проектот „Реконструкција на казнено-поправните установи во Република Северна Македонија".

2. Се задолжува Министерството за правда во координација со Министерството за финансии, да изнајде решенија на проблемите наведени во ставките во Акцискиот план за итно надминување на констатираните слабости од Банката за развој на Советот на Европа во КПД Идризово, со цел продолжување на проектот „Реконструкција на казнено-поправните установи во Република Северна Македонија".

## Точка 64

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на програмата за потребите од специјалистички и супспецијалистички кадри согласно со мрежата на здравствени установи (2023-2026) (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

## Точка 65

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Здружението на независни уметници Драмско студио Тетово-Тетово.

## Точка 66

Владата ја разгледа Информацијата за потреба од вработувања во Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одобрување на вработувања во Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.

## Точка 67

Владата ја донесе Одлуката за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2024 година (*).

Истовремено потребно е предлагачот до Секретаријатот за законодавство да достави потпишана Изјава за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија, со цел Секретаријатот за законодавство да достави мислење по Изјавата.

## Точка 68

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за Македонската академија за науките и уметностите, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Министерството за образование и наука да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за Македонската академија за науките и уметностите, по скратена постапка да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за образование и наука, а за повереник Билјана Казанџиска, државен секретар во Министерство за образование и наука.

## Точка 69

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2023 година.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето на Министерството за финансии во смисла потребните финансиски средства да бидат обезбедени во рамките на веќе утврдениот буџет.

## Точка 70

Владата ја разгледа Информацијата во врска со активностите за доделување на договор за воспоставувањето на јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во Република Северна Македонија, со предлог-текст на писмо со барање за продолжување на Договорот за контрибуција, предлог-измена на Решението за формирање на Комисија и Предлог-одлука за продолжување на рокот во постапката за доделување на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во Република Северна Македонија.

2. Владата на Република Северна Македонија како јавен партнер во постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во Република Северна Македонија, го овласти министерот за економија м-р Крешник Бектеши во рок од седум дена од донесување на Одлуката, да побара до ЕБОР, продолжување за уште една година на Договорот за контрибуција за обезбедување на консултантски услуги во подготовка на постапката и тендерска подршка за проектот.

3. Се задолжува Министерството за економија, потребните буџетски средства за воспоставување на јавното приватно партнерство, да ги обезбеди во рамките на сопствениот буџет за 2024 година.

4. Предлог-решението за изменување на Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во Република Северна Македонија, да се разгледа на наредната седница на Владата.

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 14:20 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**д-р Димитар Ковачевски**